СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

24 декември 2021 година број 161

Година XIV Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710

ISSN 1857-7660

NLB Banka



Срећна Нова 2022 ŷодина
Многу здравје
и сè најдобро
СЗПМ

# Волонтерството во здруженијата на пензионери и Сојузот, сега и во иднина

Ден на волонтерството е 5–ти декември. Овој ден беше оваа година одбележан и во нашата земја.

По тој повод Претседателот на Република Северна Македонија **Стево Пендаровски** ја даде следнава изјава:

**Волонтерите со својата благородна мисија секогаш се на вистинското место, пружајќи им помош на оние на кои им е неопходна. Нивниот ангажман и хуманитарни активности се инспирација за сите нас. Во името на сите наши граѓани им изразувам голема благодарност и почит за нивната пожртвуваност, одговорност и посветеност.**

Пред некоја година од органите на Сојузот беше изготвен Проект „Пензионер–волонтер" и доставен до здруженијата на пензионери со препорака дека може да се адаптира, дополни и имплементира согласно со можностите на здруженијата. Проектот се актуелизира повторно во Програмата на СЗПМ за 2022 година заради пандемијата од коронавирусот.

Волонтерството и сега постои во здруженијата на пензионери, но целта е овие активности да добијат нови димензии компатибилни за денешните услови на живеење. Факт е дека ако на некој му е потребна помош и подадена рака, тоа се старите осамени или болни лица. Традиционално, волонтерството е составен дел на активностите што се одвиваат во здруженијата на пензионерите – членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Практикувањето на волонтерството има двострана вредност: и за оној кој ја дава помошта и за оној кој добива. Со практикување на волонтерството постарите лица можат да останат активни и ангажирани и да чувствуваат дека нивните способности сè уште се вреднувани, а оние кои ја добиваат помошта во својот дом имаат поквалитетен живот и чувство дека не се заборавени.

Волонтерството е активност која се темели на принципот на доброволност. Негова правна рамка е Законот за волонтерство според кој волонтерството е слободно давање на услуги инспирирано единствено од слободната волја, а не од желбата за материјална или финансиска добивка која има цел намалување на ранливоста на одредена целна група на која сакате да помогнете.

**Волонтерството како област е уредено со Закон за волонтерство (Сл. весник на РМ бр.85/2007 година), Закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство (Сл. весник бр. 147/2015 година), Правилник за водење на евиденција на волонтерската работа (Сл. веник на РМ бр.128/2007), Правилник за формата и содржината на волонтерската книшка, начинот на нејзиното издавање и запишување на податоците (Сл. весник на РМ бр. 128/2007 година).**

Во Законот се вградени одредби кои ги изразуваат интересите на сите засегнати страни од една страна како и обезбедување на негова функционалност од друга страна. Со Законот за волонтерство се создаваат услови за поттикнување на волонтерството, услови за препознавање на волонтерскиот труд за лицата кои сакаат да волонтираат и за пошироката општествена заедница.

**ВОЛОНТЕРСКИ АКТИВНОСТИ**

За реализација на волонтерството треба да се дефинираат следните елементи:

– организаторот на волонтерската активност;
– вид на волонтерски активности;
– следење на извршување на волонтерска работа;
– права и обврски на волонтерот;
– договор за волонтерство.

**ОРГАНИЗАТОР НА ВОЛОНТЕРСКИ АКТИВНОСТИ**

Имајќи предвид дека волонтерството се промовира како општествено корисна активност од чии резултати ќе има полза и пошироката заедница во дефинирањето на волонтерската активност запазени се принципите на непрофитност односно недистрибуција на профит. **Оттука според Законот за волонтерство организатор на волонтерска активност може да биде првенствено здружение на граѓани или фондација.**

Организаторот на волонтерската активност има обврска да обезбеди:

– услови за вршење на волонтерски активности;
– да обезбеди од однапред договорени трошоци или симболичен надоместок за извршување на волонтерската работа;
– да обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста;
– други услови за кои меѓусебно би се договориле;
– избор (детектирање) на корисници на волонтерска помош;
– соработка со Општинскиот центар за социјална работа и Општинската организација на Црвениот крст.

За оваа активност потребна е и извесна материјална поддршка но споредено со обемот на средствата што се користат за спроведување на другите активности во здружението ќе се обезбеди избалансираност во користење на средствата од членарината. Во овој контекст треба да се има предвид фактот дека согласно со Законот за волонтерство трошоците поврзани со волонтерската работа утврдени во договорот не се плаќа персонален данок на доход согласно со одредбите на Законот за персонален данок на доход.

**ВИД НА ВОЛОНТЕРСКИ АКТИВНОСТИ**

Во здруженијата на пензионери се извршуваат различни активности, но предмет на овој проект е промовирање и поддршка на активности кои се и содржина на Пензионерската социјална карта. Се работи за следните активности:

– набавка на прехранбени производи и слично;
– плаќање сметки;
– посета на здравствени институции;
– одржување хигиена во стан и лично;
– посета на културни настани и слично;
– друг вид потреба од помош.

Овие активности се многу значајни за пензионери на кои им е потребно помош бидејќи тие заради здравствената состојба не можат да се вклучат во другите активности во здружението, а ја уплатуваат членарината во здружението. Ова се активности кои ќе го зајакнат кредибилитетот на секое здружение. Несомнено е дека волонтирање во извршување на овие активности е развивање на инклузивната активност во **заштитата** и помош на пензионерите кои живеат сами. Со овие активности се зајакнува профилот на здружението на пензионери како граѓанско здружение кое покрај културните и спортските активности ја развива и социјално–хуманитарната димензија во средината каде што здружението на пензионери дејствува.

**ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ НА КОИ ИМ ТРЕБА ПОМОШ**

Здруженија кои имаат Пензионерска социјална карта веднаш ќе ги имаат податоците за оние пензионери на кои им е потребна помош. За другите здруженија податоците можат да ги добијат од ограноците. Исто така, со соопштенија истакнати на определени места (клубови на пензионери) може да се пронајде крајниот корисник на потребната помош.

Оваа значајна активност на едно пензионерско здружение може да се промовира и со побогат промотивен материјал (проспект, летоци, настап на ТВ–емисии и др.)

Покрај опфат на пензионери од урбани средини на кои е потребна волонтерска помош сведоци сме дека во последно време постојано се говори за напуштените стари лица од рурални средини кои повикуваат за помош.

**СЛЕДЕЊЕ НА ИЗВРШУВАЊЕТО ВОЛОНТЕРСКА РАБОТА**

Волонтер би требало да биде помлад корисник на старосна пензија или помлад корисник на семејна пензија – член на здружението. За спроведување на активностите пожелно е волонтерот и пензионерот на кој се дава помошта да живеат во ист огранок. Се смета дека на овој начин на извршување на волонтерската активност ќе се одвива поефикасно и поекономично како и истовремено постоење на можноста волонтерот да го познава пензионерот од својот огранок.

Организаторот на волонтерската активност е должен да води евиденција за волонтирањето на сите волонтери. Начинот на водење на евиденцијата е пропишан со посебен Правилник за водење евиденција на волонтерската работа (Сл. весник на РМ бр. 128/2007).

За потребите на здружението потребно е во посебна интерна книга да се внесат следните податоци:

– реден број;
– лични податоци на волонтерот (име и презиме, матичен број, место на живеење);
– број на договорот;
– времетраење на волонтирањето;
– потпис на волонтерот и лицето овластено за застапување.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВОЛОНТЕРОТ**

Покрај права волонтерот има и обврски, и тоа да:

– го извести организаторот на волонтерството за болеста или други причини за неможноста за давање на услугите;
– да дава услуги согласно со договорот за волонтерство со кој претходно е запознаен;
– дава услуга лично и непосредно;
– да чува доверливи податоци со кои е запознаен пред давање на услугите;
– да го извести организаторот за штетните последици за кои е запознаен и кои може да настанат за организаторот и за самиот себе или за трети лица.

Со оглед на тоа дека се работи за здружение на пензионери покрај евиденцијата за волонтерите се предлага здружението да издаде овластување за легитимирање (легитимација) на волонтерот од здружението каде што членува и ја извршува волонтерската активност.

**ДОГОВОР ЗА ВОЛОНТЕРСТВО**

Договорот за волонтирање ги содржи следните елементи:

– организатор (назив и седиште);
– волонтер (име и презиме, адреса на живеалиште);
– предмет на договорот;
– место на волонтирање, времетраење на волонтирањето;
– волонтерска активност или услуги кои се обезбедуваат;
– посебни права и обврски;
– однапред договорени трошоци за волонтирањето и начинот на надомест на истите; начин на престанок и раскинување на договорот за волонтирање;
– датум и место на склучување на договорот.

Во проектот Волонтерството е наведено дека здруженијата на пензионери може да го применат како Пилот–проект во еден огранок, а понатаму согласно со стекнатото искуство можат да го прошираат и на ниво на здружението.

Волонтерството би требало да биде еден од битните активности на секој поединец, здружение и на Сојузот, сега и во иднина.

СЗПМ

## ВО ОВОЈ БРОЈ...

АКТИВНОСТИ НА СЗПМ стр. 2 и 3

АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ стр. 4 и 5

СОЛИДАРЕН ФОНД И ЧЛЕНАРИНА КАКО ОРГАНИЗИРАНА ПЕНЗИОНЕРСКА СОЛИДАРНОСТ стр. 7

ИНФО стр. 9



ПЕДЕСЕТИНА ГОДИНИ СО УБАВАТА МАЛЕШЕВСКА ПЕСНА стр. 10

ПАНОРАМА стр. 11

ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12

АПЕЛ ЗА ВАКЦИНАЦИЈА стр. 13

ЗАБАВА стр. 15

АКАДЕМИК ЉУПЧО КОЦАРЕВ ДОБИТНИК НА СВЕТИ КЛИМЕНТОВАТА НАГРАДА ЗА 2021 стр. 16

ЌЕ ИЗЛЕЗАТ
17 февруари
- Прилог за пензионери во „Коха“
25 февруари
„Пензионер плус“

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“ СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

HALKBANK SKOPJE 10 YEARS

**ПОЧИТУВАНИ ПЕНЗИОНЕРИ**
На линијата 02 3213–227
**„Ало пензионерски прашања“**
во СЗПМ може да добиете совети и одговори на вашите прашања секој вторник и четврток од 10 – 12 часот. **СЗПМ**

# Значајна седница на Издавачкиот совет на СЗПМ

На 29.11.2021 година се одржа седница на Издавачкиот совет. На неа беше предложен и едногласно усвоен дневниот ред:

- Активности на Издавачкиот совет во 2021 година, како и донесување правила, планови и насоки за работа во наредниот период;
- Извештај за финансиска поддршка на издавачка дејност и творештво;
- Информираност на членството преку весникот „Пензионер плус“ и весникот „КОХА“, веб–страницата и други медиуми во текот на 2021 и планови за 2022 година.

Воведно излагање имаше претседателката на Издавачкиот совет, која е и претседател на Сојузот Станка Трајкова, која во излагањето го потенцираше следното:

– Овој совет има голема важност за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Причини за свикување седница на ова тело има повеќе. Информирањето и издаваштвото во Сојузот имаат особена важност. Издавачкиот совет на некој начин интегрира повеќе сегменти од оваа проблематика кои имаат свои правила на работа, но неминовно е потребно да се донесе една општа рамка која ќе ги содржи тие интегративни елементи. Издавачкиот совет во 2021 година имаше повеќе може да се рече, традиционални активности кои се зацртани во пограмите на Сојузот повеќе години наназад. Тука спаѓа пред сѐ издавањето на весникот „Пензионер плус“ кој за разлика од 2020 година имаше 12 наместо 10 изданија. Тоа го наложи ситуацијата со коронавирусот ковид 19. Во првите месеци на пандемијата весникот беше единствената врска меѓу Сојузот, здруженијата и членството иако дистрибуцијата беше отежната, но за волја на вистината таквата состојба продолжува и треба да се најдат нови начини за поуспешна дистрибуција. Исто така, редовно излегуваше една страница на албански во весникот „КОХА“ со избор на написи објавени во Пензионер плус“. Покрај тоа финансиски беа поддржани повеќе творци пензионери, здруженија и друго. Беше отпечатен леток со текстови интересни за животот на пензионерите, постер за 75–годишниот јубилеј на пензионерското организирање во нашата земја, како и Билтен за ревиите и Билтен за спортските јубилејни натпревари. Се оценува дека е потребно политиката за издавачката дејност да биде детерминирана во одредена правна рамка во која би биле опфатени есенцијални прашања. Тоа би биле формите на издавачка дејност во СЗПМ. Текстовите во весникот треба да бидат во согласност со Статутот, Програмата и политиките на здруженијата и СЗПМ; Објавувањето на еден напис да зависи од неговата актуелност и значење; предност за објавување ќе имаат текстови за животот во третата доба, за оние кои поттикнуваат хуманост, соживот и волонтерство, но и текстови за идните пензионери бидејќи „Пензионер плус“ е весник за сегашните и идните пензионери; дали еден текст ќе биде објавен одлучува главниот и одговорен уредник, редакцијата на своја седница, а во одредени случаи и Издавачкиот совет претставуван од претседателот. Текстови во кои има говор на омраза, етничка, религиозна и родова дискриминација нема да бидат објавени.



Еднаш годишно да се дава финансиска поддршка за издаваштво и творештво на пензионери за што постои посебен акт на Извршниот одбор.

**К. С. Андонова**

Седница на Статутарна комисија

# Конструктивна и плодна дискусија за повеќе прашања

На 26.11.2021 година Статутарната комисија на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ја одржа својата петта седница, на која покрај членовите на комисијата присуствуваа и претседателката на Сојузот Станка Трајкова, потпретседателот на ИО Ментор Ќоку и секретарот на ИО Менка Темелковска. Седницата ја раководеше претседателот на Комисијата Стеван Ацески. Тој откако ги поздрави присутните, предложи дневен ред кој едногласно беше прифатен.

Според дневниот ред, најнапред беше разгледан Извештајот за 2021 година кој без забелешки едногласно беше усвоен. И по предложената Програма за работа на комисијата за 2022 година немаше забелешки, а претседателот Ацески рече дека програмата е отворена и во текот на 2022 година може да се дополни.

Потоа имаше коструктивна и плодна дискусија по прашања поставени од здруженијата.

Едно од прашањата беше која функција е позначајна дали претседател на здружение или претседател на Извршен одбор.

Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Трајкова се вклучи во расправата и рече:

– Некои здруженија го поставуваат ова прашање. Во статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е регулирано дека претседателот на Сојузот е и претседател на Извршниот одбор. Тој е одговорен за реализација на сите донесени програми, одлуки, акти и други материјали. Собранието одржува две до три седници годишно на кои се усвојуваат завршните сметки, финансиските планови, програмите за работа и друго. Претседателот на Извршниот одбор не е орган, туку функција. Претседателот има улога да предлага на Извршниот одбор или на Собранието материјали од работењето, како и да го претставува Сојузот односно здружението. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија дава препораки и предлага здружение кое има до 5000 членови да нема претседател туку да има претседавач, но тоа се само препораки, здруженијата сами одлучуваат, но согласно со Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, во Сојузот се здружуваат здруженија кои го прифаќаат Статутот на Сојузот. Тоа значи дека со самото здружување во Сојузот, здружението на пензионери ги прифаќа и дадените препораки. Здружувањето во Сојузот е на доброволна основа. Одлуките и материјалите што ги носи Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се разгледуваат на седници на кои учествуваат членови од здруженија со што и тие учествуваат во донесување на тие одлуки – потенцираше претседателката Трајкова.

Пензионерските здруженија се граѓански организации и не се партиски определени, па затоа самите пензионери треба да изберат кој ќе управува со Здруженијата на пензионери. Треба да се изберат квалитетни кадри, а не треба за изборот да има влијание политиката.

**Стеван Ацески**

Седница на Координативното тело на активи на пензионерки

# Донесени констатации и заклучоци

Координативното тело на активите на пензионерки во проширен состав со претседателките на ак-





тивите на пензионерки од здруженијата на пензионерки одржа седница на која беа усвоени Извештајот за 2021 и Програмата на ова важно тело на Сојузот. Седницата се одржа на 24.11.2021 година. На седницата едногласно беше констатирано дека во 2021 година носители на хуманитарните активности се главно активите на пензионерки, каде што пензионерките учествувале во речиси сите активности во здруженијата. Во таа насока ќе бидат и планираните активности во 2022 година. Се разбира дека Програмата постојано ќе се надополнува во согласност со потребите. На седницата беа донесени следните

**КОНСТАТАЦИИ И ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Позитивно е оценето одржувањето на седницата на Координативното тело на активите на пензионерки во проширен состав со активите на пензионерки особено нивната активност во здруженијата во развојот на социјално–хуманитарната дејност и други активности во насока на подобрување на животот на пензионерите.
2. Средбата со претседателките на активите на пензионерки имаше цел да се разменат искуства и желба за понатамошно дејствување во рамките на здруженијата на пензионери. Значајна активност во наредниот период е посета и помош на пензионери од руралните средини.
3. Во 2022 година ќе продолжи значајната активност на активите на пензионерки во услови на пандемија помагајќи ги пензионерите и почитувајќи ги протоколите за превентивна заштита од ковид 19.
4. Покрај постојните активности се заклучи да се работи креативно, проактивно во практикување на активностите кои се потребни во актуелното време на опстанување.
5. Привлекување нови членки – активистки со можност за воведување на нова енергија и знаење со што ќе се збогати работата на активите.
6. Главна определба на активите е да работат волонтерски, но со обезбедување средства за покривање на реалните трошоци. За успешна работа на активите се предлага и препорачува да се предвидат средства во Финансискиот план на здружението за работа на активите на пензионерки.

**Марија Моневска**

Убава седба и седница на Координативното тело на активите на пензионерки и преубаво излагање на претседателката кое ни даде ново освежување и елан за понатамошно дејствување во Здруженијата на пензионери.
**М. Мишевска**

# Донесена Одлука за продолжување на рокот за издвојување дел од пензијата за исплати на посмртната помош од 140 денари за нови 6 месеци

Единаесеттата седница на Одборот на регистрираната организација за солидарни средства и членарина се одржа на 13.12.2021 година. На седницата присуствуваа: претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, Претседателот на ОРО Ментор Ќоку и членовите на ОРО: Гидо Бојчевски, Џеват Палоши, Ѓорѓе Андонов, Даница Петличкова, Димитрије Богатиновски и Петар Андреевски од стручната служба на СЗПМ, отсутен Томе Мазгалоски од оправдани причини. Седницата ја отвори и ја водеше претседателот Ментор Ќоку, кој во свое име и во име на членовите ја поздрави претседателката на СЗПМ. Потоа беше предложен дневен ред истиот беше едногласно усвоен.



По првата точка информацијата за дозначените и исплатени средства за починати пензионери на солидарниот фонд за периодот јануари – декември 2021 година и Предлогот на ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Солидарност Аеродром воведно излагање имаше претседателот на ОРО Ментор Ќоку, во које ги изнесе најважните моменти од информацијата, односно дека во споменатиот период (јануари – 13 декември) се уплатени средства во износ од 504.128.850,оо денари, а се исплатени средства од вкупно 504.270.000,оо денари за вкупно 16 809 починати корисници. Обврската за исплата на посмртна помош за споменатиот период е вкупно за 20 625 починати корисници на пензија, кои се пријавени од 04.10.2021 година, а останувааат не исплатени средства за 3 787 починати пензионери или се доцни во исплатата за околу два и пол месеци.

Врз основа на податоците од Фондот на ПИОСМ, според кои има извесно намалување на бројот на починати пензионери и очекуван прилив на нови како и сѐ уште неисплатени отпремнини на 3 787 пензионери, се донесе одлука да се продолжи издвојувањето за посмртна помош од 140,00 денари заклучно со 30.6.2022 година.

На седницата беше усвоен и Извештајот за работа за 2021 година и Програмата за работа за 2022 година.

Бидејќи ова е последна седница од оваа година претседателот на ОРО Ментор Ќоку на членовите на Одборот им ја честитаа Новата 2022 година со желби за многу здравје, среќа и успех во работата за наредната година.

**Петар Андреевски**

# Усвоени Предлог-програмата и Предлог-финансискиот план на СЗПМ за 2022 година

Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ја одржа својата **27** седница на 15.12.2021 година. Седницата ја оводеше претседателка-



та на Извршниот Одбор и на СЗПМ Станка Трајкова, а присуствуваше како и секогаш, претседателот на Собранието на Сојузот, м–р Илија Адамоски.

На седницата на дневен ред, најпрвин беше Предлог–програмата за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2022 година, која концизно ја елаборираше претседателката Трајкова, потенцирајќи ги главните активности на Сојузот во 2022 година.

– Програмата за 2022 година вообичаено ги содржи најбитните елементи кои се од интерес на членството, како што е грижата за правата и стандардот на пензионерите, висината на пензиите, здравствената заштита, хуманитарните активности, културно–забавниот живот, спортот и друго. **Значајна активност е доставување барања од здруженијата на пензионерите заедно со СЗПМ во отстапување на пензионерските објекти на здруженијата во трајно користење.**

Во Програмата за 2022 година ќе биде актуелизирано и волонтерството, како една од битните елементи во работата на здруженијата. Финансиски Сојузот ќе се фокусира на адаптацијата на просториите кои **Сојузот ги доби од Владата на нашата држава, но и на и други активности битни за членството, -** истакна претседателката Трајкова.

По дискусијата на претседателката Трајкова и по излагањата околу Предлог–програмата на Сојузот за 2022 година, истата беше усвоена и ќе оди на усвојување на седница на Собранието на СЗПМ со заклучок дека таа е отворена и ќе се надоградува со актуелни случувања во текот на годината.

**Со Предлог-одлуката за финансискиот план се проектирани приходите, а во тие рамки и расходите усогласени со Програмата за работа на Сојузот за 2022 година, со оценка дека со планираните приходи ќе се реализираат активностите и другите** трошоци во Сојузот. Секоја ставка за приходи и расходи објаснета е текстуално и табеларно.



По објаснувањето на финансовиот план од страна на секретарот на ИО на СЗПМ Менка Темелковска, Предлог–финансискиот план беше едногласно усвоен.

Значајно за Финансискиот план за 2022 година е дека Надзорниот одбор Предлог–**одлуката за финансискиот план за 2022 година го прифати едногласно без забелешки**.

Информацијата за исплатените средства за солидарен фонд (посмртна помош) на корисници на пензија, за период јануари – декември 2021 година, ја образложи потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Коку, кој меѓу другото рече:

– Според информацијата од ПИО-СМ во периодот јануари – декември 2021 имало обврска за исплата на посмртна помош за 20 625 починати корисници на пензија во вкупен износ од 618.750.000,00 денари, меѓутоа за солидарен фонд биле акумулирани средства во износ од 505.136.312,00 денари (вклучувајќи ги и средствата на сметката). На ден 13.12.2021 недостасуваат средства во износ од 113.613.688,00 денари за просечно 3 787 починати корисници на пензија, од кои поголемиот дел се поднесени од 4 октомври 2021 година па наваму, со што просечното доцнење на исплатата за сите поднесени барања е околу два и пол месеца. Доцнењето се должи на зголемената смртност на пензионерите во изминативе две години предизвикана од пандемијата ковид 19. **Меѓутоа, според податоците на Фондот има намалување на смртноста на пензионерите, а се очекува и нов прилив на корисници на пензија во 2022 година, затоа Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина донесе времена одлука која ќе важи за првите шест месеци од 2022 година.**

На седницата беше донесена Одлука за определување на домаќини на јубилејните 20–ти регионални ревии на песна, музика и игри за 2022 година и Организационен одбор за спроведување на ревиите. Домаќини ќе бидат здруженијата: Битола, Ѓорче Петров, Кочани, Гази Баба, Охрид и Дебрца, Кавадарци, Радовиш и Конче и Крива Паланка.

Покрај оваа беа донесени и следниве одлуки:

– Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на членови на Комисијата за спорт и рекреација и Идавачки совет на СЗПМ;

– Одлука за воведување Пензионерска социјална карта во ЗП Пробиштип;

– Одлука за набавка на еден лаптоп за потребите на СЗПМ;

– Одлука за благајнички максимум за 2022 година;

– Одлука за извршување попис и формирање на Комисија за попис.

**К. С. А.**

## Одржани повеќе седници

Во текотна месец декември 2021 година седници одржаа повеќе комисии и тела на кои беа усвоени извештаите за 2021 и 2022 година.



Надзорен одбор



Комисија за информирање и редакциски одбор



Комисија за здравство и социјална политика



Комисија за спорт и рекреација



Комисија за културно-забавен живот



Комисија за старски и пензионерски домови и стандард

ЗП Свети Николе

# Задоволни од работата

На 5 ноември оваа година Извршниот одбор на ЗП Свети Николе ја одржа 14–тата седница на која од оправдани причини не присуствуваа двајца членови. На неа покрај Извештајот за финансиско и материјално работење, на дневен ред беа поставени и други значајни одлуки и информации. Воведно излагање за Извештајот за работењето во период од 1.1. до 30.9.2021 година имаше претседателот Никола Атанасов. Тој презентираше податоци за добиената донација од Општина Свети Николе, како и средства од СЗПМ за организирање на регионалните спортски натпревари. Истите се остварени 73% и се очекува до крајот на годината да бидат реализирани по предвиденото. Извештајот од присутните беше оценет како детален и квалитетен.

За повеќето пензионери снабдувањето со огревно дрво е донекаде проблем. Здружение на сите заинтересирани им излезе во пресрет и им овозможи снабдување со огревно дрво по поволни услови. Претседателот Атанасов информираше дека оваа година е набавено повеќе дрва од планираното. Беше планирано 3 000 метри, а набавени се 3 172 метра, кои за задоволство на пензионерите беа уште во септември доставени. Наплатата е заклучно со месец септември реализирана 84,60%, а до крајот на годината целосно ќе се оствари. Има мали пропусти кај неколку пензионери на кои им е доставена помала количина дрва, во тој случај се преземаат потребните мерки со добавувачите така што пензионерите нема да бидат оштетени. На лицата кои доставувале дрва во селата им се доделува количината од 2,7 метри или износ од 8.000 денара.

– Спортските игри за сите се убав настан. Оваа година бевме домаќини на регионалните спортски игри на 7–от регион. Тие беа беспрекорно и успешно реализирани, во согласност со корона условите, на што сите искажаа благодарност за организацијата. Учествуваа здруженијата од Штип, Радовиш, Лозово и Св. Николе, а не зедоа учество од Струмица и Ново Село. Освоивме прво место во дисциплината шутирање топка на мали голчиња. Учествувавме и на републичките спортски игри кои се одржаа во Велес, а нашите спортисти постигнаа очекуван успех – присутните ги запозна секретарот на здружението Трајче Сандев.

Со ЗП Илинден во 2018 г. е потпишана Спогодба за соработка и збратимување. Целта беше размена на искуства, решавање на заедничките проблеми, воспоставување пријателски односи, соработка во повеќе активности. Според спогодбата неодамна беше организирано заедничко дружење, на кое домаќин беше ЗП Илинден, на кое пензионерите си ги одмерија во неколку спортски дисциплини. ЗП Илинден беше поуспешно во дисциплината шутирање на мали голчиња мажи, домино мажи, гостите освоија први места во шах, во шутирање на мали голчиња жени, пикадо мажи и жени, и домино жени. Оваа средба раководните лица од двете здруженија ја искористија да одржат и работен состанок. Се договорија како да ја прошират понатамошната соработка. Заклучија дека активите на жени треба да имаат поактивна соработка.

Поголем број членови на ИО го поддржаа предлогот да се доделат 6.000 денари парични средства, на новоизградената црква во градот. Прифатен е и предлогот за надоместокот на лицата кои работат во Здружението да се зголеми, а да важи од наредната година.

**Вукица Петрушева**

ЗП Прилеп

# Предновогодишни активности

Во првата недела од декември 2021 година, ЗП Прилеп одржа две седници со членови од своите органи и тела. Членовите на Извршниот одбор на Здружението најпрво ги разгледаа и ги прифатија извештаите на комисиите кои не беа на дневен ред на претходната седница на ова тело. Беа разгледани и извештаите за финансиската работа на Здружението во минатите девет месеци од оваа година за што дувани против пандемијата на ковид–19. Извршниот одбор донесе одлука за доделување награди на најдобрите спортисти–пензионери кои постигнаа задоволителни резултати на годишните спортски пензионерски игри. Така по три илјади денари за освоено второ место ќе им бидат доделени на членовите на женската екипа за шутирање топка во мали голчиња и тоа на: Марија Проданоска, Ружица Филипоска и Лиљана Илиоска, а со две илјади денари ќе биде награден Мирослав Кузманоски за освоено трето место во скок во далечина. Извршниот одбор донесе одлука во пензионерскиот клуб при огранокот на урбаната заедница „Рид“ да се изврши преградување на салата за состаноци за да не се трошат средства за загревање со можност истата да биде од монтажен карактер и да се отвора кога ќе дозволат условите за побројни собири во нea. На оваа седница на ИО што ја раководеше претседателот на ЗП Славко Трајкоски присуствуваше и свој придонес во работата даде и претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски.



ИО, а пред тоа и Надзорниот одбор се изјаснија позитивно со констатација дека се работело домаќински. Преку „финансиските инјекции“ што на своето членство им ги овозможи Здружението се постигнало многу во подобрувањето на економската ситуација на пензионерите што имаат ниски пензиски примања.

На оваа седница на Извршниот одбор членовите позитивно се изјаснија за работата и активностите што беа реализирани во текот на годината на Комисијата за здравство, која имаше и најмногу работа околу доделувањето средства на болните од ковид–19, а и за работата на Статутарната комисија и Активот на жени. Се рече дека се направило доста во услови колку што дозволуваа мерките што беа спрове-

Два дена по оваа седница, претседателот Трајкоски имаше уште еднаш средба со претседателите на сите 19 ограноци во урбаните средини од Општина Прилеп, и општините Кривогаштани и Долнени. На неа се говореше за претседателите на ограноците кои го понесоа сиот товар на активностите околу изготвувањето на списоците на пензионерите со ниски примања за доделување ваучери од по илјада денари. Сега пред Новогодишните и Божиќните празници тие ќе подготват списоци за доделување преку 500 ваучери со кои пензионерите што добиваат до 12.000 денари пензиски примања во месецот ќе можат да добијат еден ваучер, а исто толку и оние пензионери кои во семејството се двајца, а добиваат до 15.000 денари.

Претседателот Трајкоски во краткото образложение претседателите на ограноците ги запозна и со работата во месеците минати во посебни здравствени мерки за заштита од пандемијата на ковид–19. Притоа истакна дека и во вакви услови се реализираа доста активности за што свој придонес имаа и тие како претседатели, со што на одреден начин и им се заблагодари за несебичното нивно залагање. Ги запозна и со тоа дека во последните години се отворија 4 пензионерски клубови, а два чекаат подобри денови за да бидат отворени. Трајкоски посебно укажа на тоа дека во минатите месеци и покрај здравствените и другите притисоци меѓу пензионерите членови на ЗП Прилеп, а ги има нешто над 14 500, имаше доволно разбирање за состојбите и немаше меѓусебни расправии, така што годинава, вакква каква што беше, е завршена добро.

**К. Р.**

ЗП Центар

# Вонредна седница на Собранието

Вонредната седница ја свика претседателот на ИО на здружението Спиро Николовски по одлуката на ИО донесена на седницата на 19.11. 2021 год. На оваа седница што ја раководеше претседателот Николовски, прва точка на дневен ред беше односот на претседателката на Собранието на ЗП Центар – Скопје кон работата и активностите на здружението. Во излагањето тој истакна дека претседателката Зорица Димовска во изминатиот период имала крајно негативен однос кон легално избраниот претседател на Здружението, како и кон целокупното работење на Здружението. Оваа констатација од претседателот, ја потврдија скоро сите членови на Собранието. Во долгата и на моменти бурна дискусија, беше кажано дека Зорица Димовска била иницијатор на непријатни расправи на средбите на членовите на Здружението. Како претседател на Собранието речиси и да не покажала почит кон членовите и кон нивното работење.

Земајќи збор Зорица рече дека не стои зад изборот на Спиро Николовски за претседател, но останатите дискутанти потврдија дека во изборот на новиот претседател на здружението се било легално. На седницата и беше одземен мандатот на Зорица Димовска од претседател и член на Собранието. Членовите на Собранието за нов претседател едногласно ја избраа Љупка Крстева, правник во пензија. Крстева се заблагодари на довербата и вети дека ќе работи одговорно и во интерес на Здружението.

Водењето на седницата го продолжи новата претседателка Љупка Крстева. Во продолжение на седницата, Собранието, го разгледа и прифати Извештајот за остварените приходи и расходи за периодот од 1.1.2021 до 30.6.2021 година. Вкупните приходи се 3.012.685,00 денари, додека вкупните расходи изнесуваат 1.114.973,00 денари. Здружението како и досега работело примерно и домаќински, а така ќе продолжи и натаму.





На седницата на Собранието беа разгледани и прифатени и информациите за одржаната Регионална и Републичка ревија на песни, музика и игри и за регионалните и републичките спортски натпревари. Беше констатирано дека пејачката група на ЗП Центар била најдобра на регионалниот натпревар во Куманово што е мотив повеќе да продолжат со поинтензивна работа на овој план.

Претседателот Спиро Николовски информираше дека и соработката со локалната самоуправа ќе продолжи и натаму. Новиот градоначалник Горан Герасимовски на Општина Центар ветил дека таа ќе биде уште поплодна. Се очекува во најскоро време да бидат отворени нови три пензионерски клубови во ограноците на Здружението.

**Цветанка Илиева**

ЗП Чаир

# Помош за 115 пензионери

Извршниот одбор на ЗП Чаир на својата осма седница која се одржа при крајот на месец ноември 2021 година, на предлог на Комисијата за здравство и социјална заштита донесе одлука, на 115 пензионери да им се додели еднократна парична помош за 2021 година. На седницата, која ја раководеше координаторот Тодор Илиев, со едноминутно молчење беше оддадено почит кон жртвите на трагедијата којашто се случи во Бугарија.

Комисијата за здравство и социјална заштита која работи според правилата и упатствата од Правилникот за доделување неповратна парична помош, изготви предлог, а Извршниот одбор донесе одлука, да им додели парична помош на овие лица и според утврдените критериуми се решаваат поднесените поединечни и лични барања. За годинава според програмата, а и според сознанијата и би рекле потребите за помош, посебно на членовите на здружението со пониски примања и болни, по повеќе основи, за оваа намена се планирани средства во висина од 350.000 денари.

Кога ќе се направи преглед на вкупно дадени средства, доделени се 345.000 денари, на 115 пензионери во износ од 3.000 денари по лице. При доделувањето освен барање, на секој пензионер поединечно се бара мислење и од раководствата на разграноците. Секоја молба за доделување еднократна парична помош мора да биде поткрепена со потпис на претседателот на разгранокот во кој членува пензионерот подносител на барањето. Како што не информираа во здружението, овој вид парична поддршка се практикува повеќе години, а издвоените средства за оваа намена од година во година сè се поголеми, како и бројот на барањата. Ваков вид помош е над очекувањата, што говори дека на подрачјето на ЗП Чаир има многу пензионери со ниски примања.



На седницата на ИО на ЗП Чаир, се донесе одлука и за попис и формирање пописна комисија за попис на материјално–техничките средства за 2021 година. Исто така, се донесе одлука и за доопремување на новиот пензионерски клуб во Топанско Поле, за кој треба да се обезбедат сите материјални потреби за клубот.

**Васил Пачемски**

ЗП Демир Капија

# 12 години постоење на Здружението

По повод 12 години од постоењето на Здружението на пензионери Демир Капија беше организирана седница на која беа присутни градоначалникот на Општина Демир Капија Лазар Петров, директорката на училиштето Менче Николова, како и гости од здруженијата на пензионери од Валандово и Неготино и пензионери од Демир Капија. Присутните ги поздрави и одржа говор Благој Кавазовски, претседател на Здружението на пензионери Демир Капија. Тој во своето обраќање истакна дека до 2010 година ЗП Демир Капија беше заедно со ЗП од Неготино. Со помош на секретарот на СЗПМ Драги Аргировски формирано е одделно здружение на пензионери во Демир Капија и оттогаш, па до денес, истото успешно функционира.

– На почетокот единствени активности биле организирање екскурзии на пензионерите во повеќе градови низ државата, а потоа во 2012 година формирана е спортска екипа која иако учествувала на регионалните спортски натпревари со најмалку спортисти, сепак освоила први, втори и трети места, а на републичките спортски натпревари освоила прво место во табла жени. Во 2017 година ЗП Демир Капија е домаќин на регионалните спортски натпревари, а во 2018 тоа повторно освојува прво место во пикадо, во категоријата жени. Во излетничкото место три години од страна на здружението зионерите, 20. септември, 8 Март, Денот на жената и прослава по повод Стара Нова година. Во склоп на здружението функционира и музичката група, која учествува на регионални ревии на песни, музика и игри. Иако ЗП Демир Капија е мало здружение, тоа е доста активно, но во иднина треба да биде уште поактивно.

Потоа следуваше доделувањето на



Демир Капија се организирани викенд–средби на кои беа присутни од 1 500 до 2 000 гости. Секој година се организираат прослави по повод Денот на пен-признанија на заслужени лица како и на учесниците во спортските натпревари и пејачката група.

**Петре Пашоев**

ЗП Ѓорче Петров

# Активности

**Остварена работна средба со новиот градоначалник на Општина Ѓорче Петров**

На 16 ноември 2021 година работна група во состав Митко Стојаноски – претседател на Извршен одбор, Крсто Златевски – претседател на Собрание и Љубинко Ристов – секретар оствари работна средба со новоизбраниот градоначалник на Општина Ѓорче Петров Александар Стојкоски, На работната средба се дискутираше за продолжување на со-



работката која Здружението ја имаше со претходниот градоначалник. Од страна на здружението беа посочени неколку барања и тоа:

– Склучување на меѓусебен договор за користење на просториите во месните и урбаните заедници како клубови на пензионери;

– Сите комунални трошоци (електрична енергија, вода и ѓубретарина) да паднат на товар на општината;

– Во буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2022 година да се предвидат финансиски средства за помагање на Здружението во реализација на проекти;

– Посебна грижа ќе се посвети на социјално ранливата категорија на пензионери, а за тоа ќе биде формирана заедничка работна група за изготвување на локална социјална карта;

Почитуваниот градоначалник Стојкоски изрази подготвеност за прифаќање на сите наши барања, а воедно е подготвен да биде покровител на Регионалната ревија на песни, музика и игри, на која што во 2022 година домаќин ќе биде ЗП Ѓорче Петров. На крајот од работната средба, градоначалникот искажа благодарност затоа што првата работна средба по неговото доаѓање како градоначалник е со пензионерите на општината.

**Учество на здружението во одбележувањето „14-ти ноември“ денот на ослободувањето на Ѓорче Петров**

Како секоја година, така и оваа делегација од раководниот тим на ЗП Ѓорче Петров положија свежо цвеќе пред споменикот на загинатите борци од општината Ѓорче Петров кој го дадоа својот живот за ослободување на Ѓорче Петров и Скопје. На средбата нашиот пензионер Димче Лазаревски пензиониран наставник по Историја прочита реферат за одвивањето на неколкудневните борби на територијата на Ѓорче Петров со посебен акцент во одбрана на хидроцентралата „Матка“.

**Грижа за пензионерите со ниски пензиски примања**

Веќе 11–та година по ред ЗП Ѓорче Петров посветува посебно внимание за ранливата категорија на пензионери како што се болни и изнемоштени пензионери и пензионери со ниски пензиски примања. Така и оваа година ЗП Ѓорче Петров ќе додели по 2.000 денари на 260 пензионери на кои пензиските примања се под 12.000 денари.



Здружението издвојува ¼ од вкупните приходи за помош на своите пензионери.

Оваа година беа доделени приближно 3 500 кг. на 400 пензионери разновидни прехранбени артикли и хигиенски средства собрани по пат на донации во соработка со НВО „Ајде Македонија“ и Црвен крст – Карпош со кои имаме голема соработка и искажуваме јавна благодарност, а се надеваме дека и во 2022 година соработката ќе продолжи со уште поголем интензитет.

**Љ. Ристов**

ЗП Солидарност – Аеродром Скопје

# Донесени значајни одлуки

25–тата седница на Извршниот одбор на ЗП Солидарност – Аеродром Скопје во мандатниот период, односно 6–тата седница во оваа година се одржа на 30.11.2021 година. На седницата во присуство на членовите на Извршниот одбор на Здружението и претседателот на Собранието беа донесени значајни одлуки. Таа се одржа со физичко присуство на членовите, при што беа почитувани препораките за заштита од пандемијата ковид–19. Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Извршниот одбор Димитрија Богатиноски.

По воведното излагање на секретарот на Здружението Никола Маркоски се утврди текстот на Програмата за работа на ЗП Солидарност – Аеродром Скопје за 2022 година, а по излагањето на Димитрија Богатиноски, се отвори расправа. Се утврди Финансискиот план на приходи и расходи за 2022 година. Двата документа се предложени да ги усвои Собранието на Здружението на седница, која се планира да се одржи кон крајот на годината.

Според точките од дневниот ред и дискусијата Извршниот одбор ги донесе се следните одлуки: Одлука за формирање пописни комисии за извршување попис за 2021 година; Одлука за набавка на рекламен материјал за 2022 година; Одлука за набавка на телевизори за 5–те клубови; Одлука за набавка на 8 пластични канти за отпадоци; Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2022 година; Одлука за одобрување на финансиски средства за одржување прослави по повод формирањето, односно Денот на Здружението и 5–те ограноци, за 2022 година. Беше донесена одлука за дополнување на Одлуката бр. 02–02/148 од 20.09. 2021 година, за определување надоместоци на функционерите на Собранието и Извршниот одбор и други ангажирани лица за извршување работи во Здружението.



На седницата присутните беа запознати со Информацијата за резултатите од спроведената анкета на корисниците на пензија и Известувањето за поголемо ангажирање во дистрибуцијата на весникот „Пензионер плус“, доставени до Здружението од страна на СЗПМ до членовите на здружението.

**Н. М.**

Седница на Собранието на ЗП Сарај

# Усвоени измените и дополнувањата во Статутот, и Програмата и Финансискиот план за 2022 година

На 30.11.2021 година, Собранието на ЗП Сарај, одржа редовна седница на која се разгледани и усвоени значајни документи. Со седницата раководеше претседателот Баки Бакиу, кој во врска со првата точка на дневниот ред, за предлог измените и дополнувањата во Статутот, даде образложение спомнувајќи дека ова беше потребно за усогласување на Статутот на Здружението со Статутот на СЗПМ каде здружението е членка, имено со некои нивни препораки како и за прецизирање на некои ставови на актуелниот Статут. Во продолжение Бакиу, ја објасни и постапката за измените и дополнувањата на поменувајќи дека претходно Комисијата за Статут и правни прашања изготвила предлог текст за измени и дополнувања кои му ги доставила на Извршниот одбор за разгледување и усвојување. Потоа беше водена расправа по ограноците на Здружението, и по усвојување од ограноците, повторно ги разгледуваше Комисијата за Статут и правни прашања и на крај Извршниот одбор, по усвојувањето му ги достави на Собранието за разгледување и усвојување. И покрај тоа што на членовите на Собранието навреме им беше доставен материјал со предлог–измените и дополнувањата во Статутот, Бакиу уште еднаш ги запозна членовите за предлог–измените и дополнувањата по што даде збор за дискусија.



Во дискусијата по оваа точка беа вклучени неколку членови на Собранието како: Бафти Јонузи, Фета Демири, Нијази Мухареми и други. По дискусиите, од 11 присутни членови на Собранието сите гласаа за измените и дополнувањата со што предлозите беа усвоени.

За втората и третата точка на дневниот ред, Програмата и Финансискиот план за работа на Здружението во 2022 година, образложение даде претседателот на Извршниот одбор Махир Дураку, кој меѓу другото истакна:

– Во програмата за работа на здружението во 2022 година се предвидени активности како и минатите години, но остварувањето на истите ќе зависи од состојбите со пандемијата Ковид–19. Истото се однесува и на Финансискиот план кој е поврзан со активностите кои се планирани да се остварат во споменатата година. По дискусија од страна на некои членови Програмата и Финансискиот план за работа во 2022 година едногласно беа усвоени.

Под точката разно, беше поставено прашањето за зголемување на пензиите во смисла дека тоа бавно оди, на што беше даден соодветен одговор.

**Б.Б.**

ЗП Кратово

# Тековни активности

Извршниот одбор на Здружение на пензионери Кратово ја одржа својата шеснаеста седница на 30.11.2021 година. На седницата беше расправано за преземените активности во врска со постапката за враќање на сопственоста на Пензионерскиот дом „Иван Андреев“ – Кратово на ЗП Кратово, кој незаконски е запишан на Република Македонија. На седницата беа разгледани и извештаите и записниците од комисиите при ЗП Кратово, а истовремено беше формирана и пописна комисија за 2021 година.



На истата седница се донесоа повеќе одлуки, меѓу кои одлука за набавка на противпожарни апарати поради застареност и поминат рок на употреба на постојните апарати. Исто така, се донесе одлука за набавка на новогодишен рекламен материјал (календари ) и честитки. На крајот беше препорачано да се побара од Градоначалникот и од локалната самоуправа на Општина Кратово да се постават огласни табли низ маалата на градот Кратово.

**Методи Мишевски**

ЗП Кисела Вода

# Отворен нов клуб во Бирарија

Едно од најстарите и најголемите здруженија во Северна Македонија е Здружението Кисела Вода. Во него членуваат над 12 000 членови-пензионери организирани во 10 ограноци и два клуба во кои има активен пензионерски живот. Последните две години заради пандемијата од ковид 19 активностите се намалени, но извесно раздвижување се чувствува. Со намален интензитет работат повеќе комисии кои согласно со препораките од Владата и Министерството за здравство за ковид 19, спроведуваат извесни активности. Така оваа 2021 година се изведоа: учество на спортските пензионерски игри, Ревијата на народни песни, хуманитарни акции, одбележување на празници и друго.

Најактивна беше комисијата за набавки во состав: Коста Костовски, Блаже Стоев и Ѓорѓи Ѓорѓиевски. Тие заедно со Извршниот одбор и претседателот на здружението Момчило Петровиќ констатираа дека паричните средства се правилно трошени и со штедење се собрани доволно средства да се купи просторија за клуб за огранокот Бирарија. Така членовите на овој огранок од 2022 година, ќе работат и ќе се дружат во нови простории. Вакво решавање на потребите и проблемите ги прави пензионерите сигурни личности кои не се на товар на општеството и семејствата. Вакви иницијативи и активности ја подигаат свеста за достоинствен живот на пензионерот; му даваат смисла и содржина на животот, ја зајакнуваат самодовербата и го прават духовно и морално посилен и посреќен. Пензионерите во новиот клуб ќе поминуваат повеќе време заедно и ќе спроведуваат поуспешни активности.



Новиот клуб за огранокот Бирарија е втор клуб кој ова раководство го купува со средства на пензионерите што е знак за грижа кон нив и за домаќинското работење со пензионерскиот денар.

Во овој период за одбележување е и работата на Комисијата за труд и социјала во состав: Маре Мицевска, Елена Ристевска и Киро Велинов. Таа одобри социјална помош на 286 пензионери по 3.000,00 денари поединечно, односно Здружението одвои 860.000,00 денари за таа цел. Комисијата работеше по усвоени критериуми, детално разгледа и одобри 286 барања на семејства со ниски примања. Таквите случаи не се заборавени, тие се посетувани и парично помогнати во рамки на можностите на здружението. Помошта е поделена пред Нова година.

Вакво успешно работење на ЗП Кисела Вода е поддржано од пензионерите бидејќи тие сакаат да знаат што се случува околу нив и да учествуваат во решавање на проблемите од секојдневниот живот.

**Василка Топаловска**

ЗП Охрид и Дебрца

# Работна средба со Кирил Пецаков, градоначалник на Општина Охрид

По покана на новиот градоначалник на Општината Охрид Кирил Пецаков делегација од ЗП Охрид и Дебрца предводена од претседателот на здружението Ѓорѓи Трпчески, д–р Димитар Спасески, претседател на Собранието, Миланка Панделеска, член на Извршниот одбор и на Комисијата за култура и Стефан Владимиров, секретар во здружението се оствари работна средба.



На работната средба му беше упатена честитка на градоначалникот за неговиот избор на локалните избори 2021 година, а Ѓорѓи Трпчески го запозна со личната карта, програмата за работа, состојбата со Домот на пензионери, потребата од изградба на дом за стари лица, дрвото чинар и негово уредување, како и за остварените позначајни резултати и активности посебно од областа на спортот и културата и други активности во здружението во изминатиот период и во услови на ковид–19.

Градоначалникот се заблагодари на честитката за неговиот избор и за информациите кои му беа дадени за здружението на пензионери. Во однос на барањето од здружението за добивање на субвенции за бесплатен јавен општински превоз на пензионерите во рамките на Општината Охрид изрази подготвеност и волја во рамките на финансиските можности на Општината Охрид за 2022 година да се дадат и дозначи одредена сума на финансиски средства на сметка на ЗП Охрид и Дебрца за таа намена.

**Димитрија Стојкоски - Лепи**



НЛБ Сребрен пакет
Вашата пензија
секогаш навреме
НЛБ Сребрен пакет
• Visa Electron дебитна картичка
• ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
• Зегин - НЛБ Банка картичка
• Кредитни картички
• Трајни налози
• Сребрен кредит за пензионери
• Депозити за пензионери
Поволности
• Пензија на првиот работен ден во месецот
• Плаќање на рати без камата во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
• 3% Cash back во Веро маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
• Осигурителни поволности за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје
NLB Banka
ПОН ВТО СРЕ ЧЕТ ПЕТ САБ НЕД
NLB Banka
VISA
www.nlb.mk
Контакт центар: 02 / 15-600




ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ
osteotend
ПРОИЗВОД НАМЕНЕТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НОРМАЛНА ФУНКЦИЈА НА ЗГЛОБОВИТЕ И 'РСКАВИЦИТЕ.
НА БАЗА НА
БРОМЕЛИН, ПАПАИН, РУТИН, МЕТИЛСУЛФОНИЛМЕТАН, ВИТАМИН Ц, Л ОРНИТИН АЛФА КЕТОГЛУТАРАТ И ЃАВОЛСКА КАНЏА.
не содржи глутен
не содржи глукоза
не содржи лактоза
30 ќесички | 5.6 g
ЗЕГИН ДОО Скопје
Пред употреба внимателно да се прочита упатството! За индикациите, ризикот од употребата и несаканите дејства на граничниот производ консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт"
НОВО
PROVEN PROBIOTICS
Cardiobiotic
КЛИНИЧКИ ЕДИНСТВЕНИ ТЕСТИРАНИ
PRO-VEN PROBIOTICS
Cardiobiotic
FRIENDLY LACTOBACILLUS BACTERIA WITH OLIVE LEAF EXTRACT PLUS VITAMIN B1 TO SUPPORT NORMAL HEART FUNCTION
30 Capsules
FOOD SUPPLEMENT
Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
Витамин Б1 значаен за одржувањето на ормалната функција на срцето
една 30 КАПСУЛИ на ден

По барање на читателите овој текст повторно се објавува

# Солидарен фонд и членарина како организирана пензионерска солидарност

**Краток вовед**

Веќе цели 74 години постои и функционира солидарен фонд како облик за остварување на пензионерската солидарност заснована врз принципите на меѓусебна зависност, човечка солидарност и хуманост.

Историски гледано по формирањето на здруженијата на пензионери бил формиран солидарен посмртен фонд уште во 1955 година, а дополнет во 1962 година, додека од 1967 година тој функционирал во состав на Републичкиот одбор на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ. Солидарниот фонд за посмртна помош и членарина пензионерите сами го формирале со цел да ги обезбедат членовите на семејството во случај на нивна смрт, а со членарината ги развиваат пензионерските активности преку кои ги бранат интересите на пензионерите во промовирање на ставовите и мислењата за прашања од нивен интерес, поведување на иницијативи и учество во градење јавно мислење и креирање на политиките. Издвојувањето на средствата за посмртна помош и членарина се вршела со согласност на пензионерот, но исклучително тешка и обемна работа за Фондот на ПИОМ била распределбата на членарината по здруженија на пензионери, согласно со бројот на членовите во едно здружение. Една од причините била миграцијата на пензионерите од едно во друго здружение и формирање на повеќе исти паралелни здруженија. Овие процеси го отежнувале извршувањето на основната дејност на Фондот и затоа се барало рационално решение Фондот да се ослободи од распределба на членарината, а сепак солидарниот фонд како посмртна помош и членарина да функционира во интерес на пензионерот и здруженијата.

**Законски основи за Солидарниот фонд**

Како длабоко хумана активност со цел унапредување на пензионерското организирање во нашата држава со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ бр. 153/2007 година) за првпат на степен на закон се уредува областа Солидарен фонд – посмртна помош и членарина. Со членот 28 од Законот, се додава нова Глава „VI–а Солидарен фонд и членарина" со четири нови члена 130–а,130–б, 130–в, и 130–г, кој стапува во сила од 1 јануари 2008 година.

**Управување на пензионерите со Солидарниот фонд**

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија и неговите здруженија како и групи на пензионери и поединци повеле постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 28 (Глава –VI–а Солидарен фонд – посмртна помош и членарина со членовите 130–а,130–б,130, 130–в и 130–г и членовите 43, 44, 55 и 56 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ, бр. 153/2007 г.) со цел да ги заштитат пензионерските здруженија и да им бидат повратени средствата за посмртна помош, издвојувани пред 1 јануари 2008 година.

По барањето за оцена на уставноста и законитоста на спомenатите законски решенија Уставниот суд со Одлука У.бр. 266/2007–1 на 17 септември 2008 година ги укинува наведените законски одредби и при тоа укажува на следното:

**Прво,** заради фактот што пензионерите преку своите здруженија на доброволна основа одлучиле да издвојуваат средства за погребни трошоци каде што доаѓаат до израз принципите на хуманост, социјална сигурност, заемност и солидарност нивното управување и располагање со сопствените средства не може да се одземе по сила на закон без нивна согласност како што било регулирано во одделните одредби на оспорениот Закон.

**Второ**, Со оглед дека се работи за лични средства на пензионерот за посмртна помош и членарина неспоива и неодржлива е надлежноста на ФПИОМ да одлучува за начинот и постапката за користење на овие средства. Според Судот одлучувањето за овие средства не може да биде во делокругот на ингеренциите на државата.

**Трето**, Анализирајќи ги наведените членови од Законот, Уставниот суд ги оспорува членовите 55 и 56 бидејќи со нив е регулирано издвоените средства пред влегување во сила на Законот (1 јануари 2008 г.) да бидат преземени од ФПИОМ без поединечна согласност на корисникот на пензија што е во спротивност со Уставот и Судот смета дека и за овие средства е потребна согласност од пензионерот. Законодавецот става обврска на здруженијата да ги повратат средствата на Фондот на ПИОМ на име посмртна помош, а не и членарината оставајќи ја за спроведување на нивните активности.

Постапувајќи во целост по забелешките изнесени во Одлуката на Уставниот суд У.бр. 266/2007–1 од 17 септември 2008 година, законодавецот повторно ја уредува областа солидарен фонд и членарина со Закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ. бр. 152/2008г.), а во Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ. Бр. 53/2013) (пречистен текст), тоа прашање е содржано во одредбите на членовите 115–117.

**Принципи и јаност за обезбедување на средствата за Солидарен фонд**

Во споменатиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување, Глава X Солидарен фонд – посмртна помош и членарина, во членот 115 е утврдено дека на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери (членарина). Ова законско решение е прифатено од пензионерите бидејќи законодавецот водел сметка работата околу уплатата на членарината да ја олесни бидејќи се работи за возрасни лица, а ги ослободува и од обврската за плаќање провизија.

Средствата за солидарен фонд – посмртна помош, Фондот ги уплатува на посебна потсметка во рамките на Трезорската сметка со назнака „Средства за солидарен фонд – посмртна помош на корисници на пензија, а со ставот 1 на член 116 од ЗПИО издвојувањето на посмртната помош и членарина се врши од пензијата на корисникот на пензија, месечно, при исплата на пензијата, освен од семејната пензија на дете остварена по основ на школување.

Со ставот 2 на членот 116 е регулирано дека височината на задршката за посмртна помош и членарина, височината на исплатата на посмртната помош во зависност од акумулираните редства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните а неискористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува Регистрираната организација на сојузите на здруженијата на пензионери на Македонија. Со ставот 4 на истиот член е утврдено дека средствата по основ на членарина Фондот ги доставува на сметката што ја определува Регистрираната организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите. Понатаму, законодавецот определува дека само посмртната помош од средствата за солидарен фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку своите филијали согласно со актите на одборот на Регистрираната организација.

Врз основа на овие законски одредби четирите сојузи во нашата држава со Спогодба Бр. 165 од 17.12.2008 година се спогодуваат односно се согласни Регистрирана организација за солидарен фонд и членарина да биде Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, кој сојуз ќе ја врши и административно–стручната работа за Регистрираната организација.

Регистрираната организација има одбор во кој членуваат претставници на сите сојузи (тоа се претставници од здруженијата односно пензионерите кои учествуваат во донесување на одлуките за солидарен фонд и членарина) и со Правилник ги уредува односите во врска со солидарниот фонд и членарина. Одборот донесува и други акти по кои постапува и Фондот на ПИОМ во сервисирањето на посмртната помош. Значајно е повторно да се напомне дека самите пензионери преку своите претставници одлучуваат за средствата за солидарен фонд и членарина, а не како што било случај со претходниот Закон за ПИО за начинот и постапката да одлучува Фондот на ПИОМ.

Со оглед на фактот дека Соузот на здруженијата на пензионерите на Македонија преку Регистрираната организација односно нејзиниот Одбор е овластена средствата на име членарина да ги распределува до другите сојузи и здруженија, истите ги води на посебна сметка, а податоците за уплатената членарина ги добива од ФПИОМ и врз основа на склучен договор истите ги уточнува и ажурира според членовите по здруженија и потоа ги доставува на нивно располагање и надлежност.

Како што беше погоре изнесено во членот 115 од ЗПИО е утврдено дека на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здруженија на пензионери (членарина).

Од изложената законска одредба е евидентно дека издвојување на дел од пензијата за солидарен фонд кој го сочинува посмртна помош и членарина и е во исклучителна диспозиција на пензионерот кој својата волја писмено ја изразува при поднесување барање за пензија. Остварувањето посмртна помош и членарина се меѓусебно поврзани и условени со цел да функционира остварувањето на посмртната помош преку Регистрираната организација и спроведување на сите активности по здруженијата. Се наведуваат некои од активностите, како што се: 420 клубови на пензионери, дневни центри, одржување пензионерски домови, ограноци, социјално–хуманитарни активности, поддршка на издавачка дејност и издаваштво, традиционални културни и спортски активности заради активно стареење, помош на пензионерите за набавка на огревно дрво, партиципација со средства при бањско лекување, набавка на лекови, ортопедски помагала и низа др. социјални и солидарни активности како и издавање на бесплатниот весник „Пензинер плус". Во тој контекст е и промовирање и заштита на правата и интересите во креирање на јавното мислење на огромната целна група од над 324 000 илјади пензионери, а во пензионерските здруженија членуваат 272 000 пензионери по нивна соласност за пристапување во солидарен фонд. Од изложеното произлегува дека заемноста и солидарноста на солидарниот фонд може да функционира само ако пензионерот истовремено уплатува средства за посмртна помош и членарина по негова слободно изразена волја. Околноста, на пензионерите да им се одбиваат само средства за посмртна помош, а не и членарина е некомпатибилна со начинот на управувањето на средствата без нивен придонес и влијание, изразен преку членарината. Имено, ако пензионерот не е член на здружение и не уплатува членарина го губи влијанието да управува со средствата што ги издвојува за посмртна помош. Ова е затоа што со средствата од солидарен фонд одлучуваат и управуваат претставници од членовите на здружението односно Сојузот.

Како што е наведено во воведот доброволниот посмртен фонд бил формиран уште во 1955 година, а дополнет во 1962 година. Во 1967 година тој функционирал во состав на Републичкиот одбор на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ каде што работел Единствен фонд за заемна помош во случај на смрт на членот на Фондот на своето семејство. Членот на Фондот можел да биде секој пензионер кој членувал во некое од општинските здруженија и кој ги усвојува правилата на Фондот. Со зачленување во здружение пензионерот си обезбедувал помош и активности во здружението но и должност за редовно уплатување на членарината со цел создавање на можност за извршување на сите обврски поврзани со солидарниот фонд и активностите во здружението.

Функционирањето на солидарниот фонд и членарината како заемна и длабоко хумана активност му дава посебно обележје на пензионерското организирање кое трае 74 години и непобитен факт е дека здруженијата и сојузите се конститутивен елемент во формирање на граѓанските организации во нашата држава.

Сите одредби кои се однесуваат на Солидарниот фонд се во согласност со темелните вредности утврдени во Уставот на РМ како што се: правната заштита на сопственоста и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, слободата на здружување заради остварување на заштита на социјалните, културните и други права и уверувања (член 8, член 20 и член 30 од Уставот на РМ).

**Станка Трајкова,**
**претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија**

ЗП Крива Паланка

# Осмооктомвриска награда по вторпат за Здружението

– Откако беше избрано ова раководство, ветивме дека ќе работиме кон подобрување на социјалниот живот на пензионерите, особено на оние со ниски примања и на болните и изнемоштени пензионери. Материјалната и социјална сигурност на пензионерите ја подобруваме со цел финансиските средства од нив да одат кон нив, преку давање помош во прехранбени и хигиенски пакети и давање финансиска поддршка за терапија, операција, бањско лекување, на оние кои настрадале при елементарни непогоди и друго. Здружението работи домаќински со што ги подобри условите за престој во клубот. Хигиената е на повисоко ниво, а и се набавија прочистувачи на воздухот во клубот. Посебно сум горд на отворањето на библиотека во клубот со што просторот доби една поинаква попријатна димензија. Исто така, отворивме и опремивме медицински пункт кој ќе работи секој четврток во неделата од девет и триесет до единаесет часот. Со него ќе раководи пензионираната виша медицинска сестра, Јадранка Павловска.



Ги поддржуваме сите активности кои ги организира СЗПМ. Така зедовме учество на регионалните спортски игри и на регионалната ревија на песни, музика и игри на кои домаќин беше ЗП Куманово. Соработката со СЗПМ ни е на посакуваното ниво, како и соработката со здруженијата на пензионерите, членки на Сојузот. Извонредна соработка имаме и со институциите во градот како што се ОО на Црвениот крст, Здравствениот дом и локалната самоуправа и градоначалникот, кој со претставници е присутен на речиси сите наши настани. Заради сето ова, по вторпат како здружение на пензионери сме одликувани со Осмооктомвриска награда по повод Денот на ослободување на нашиот град Крива Паланка. Наградата ја примив јас како претседател на здружението. Посебно сум горд и гордо се чувствувам затоа што бевме одликувани пред голем аудиториум на свечана академија во НУЦ за култура пред многубројни домашни и странски гости, меѓу кои имаше и амбасадори. Нашето здружение иако по бројност е мало, ние успеваме со активности да се носиме со многу поголеми здруженија. Така ќе продолжиме да работиме и во иднина, – вели претседателот на здружението Трајча Давидовски.

**Б. Стојчевска**


**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XIV – број 161
декември 2021 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**

**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;

**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин"
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија"

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

**Отсега на шалтерите во Пошта може да се плаќаат сметки за:**

- ЕВН Македонија
- ЈП Водовод и канализација – Скопје
- БЕГ
- Други јавни комунални претпријатија во земјава,
- Македонски Телеком, А1, Неотел, Телекабел и сите останати регионални оператори.

Услугата „Плаќање сметки“ во готово на Пошта ја има една од најконкурентните цени на пазарот во однос на цените на домашните банки и изнесува 35 денари по сметка.

HALKBANK > SKOPJE

ПАРТНЕР НА

ПОШТА на Северна Македонија POSTA e Maqedonisë së Veriut



ЗП Крива Паланка

# Успешно се спроведува проектот „Одговорни институции, среќни граѓани“

Општина Крива Паланка и ОО на Црвен крст успешно го спроведуваат проектот „Одговорни институции, среќни граѓани“ за помош и нега на стари, изнемоштени и болни лица во домашни услови. Тој е во висина од 11.034.000 денари и е обезбеден преку Министерството за труд и социјална политика со поддршка на Светска банка.

Во првите шест месеци од имплементацијата на проектот беа обучени дваесет волонтери со сертификат за пружање помош во домашни услови на стари лица, опремување на просторот во ОО на Црвениот крст, како и набавка на теренско возило за потребите на волонтерите.

Од дваесетте обучени волонтери четиринаесет се на терен и имаат опфатено дваесет и три корисници со социјални услуги. Активностите кои се опфатени со услугата се: хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет и менување пелени, а од инструментални услуги се опфатени: чистење, перење, готвење, купување продукти и земање медицинска терапија.

Услугите кои ги даваат волонтерите се целосно бесплатни.

Корисниците приматели на социјалните услуги се задоволни од помошта која ја добиваат од волонтерите и тие се добро прифатени. Во тек е прибирање податоци за корисници на социјална услуга, како би се вклучиле и останатите обучени волонтери.

**Б. Стојчевска**

ЗП Струга

# Традиционална посета на Лешочкиот манастир

Секоја година, во последниот четврток од месец октомври, Активот на жени при Здружението на пензионерите од Струга, предводени од претседателката на Активот Елисавета Лазареска, и ова година го посетија Лешочкиот манастир во тетовското село Лешок, надалеку познато по извонредната природа и чист воздух, исто така и манастирскиот комплекс и гробот на Кирил Пејчиновиќ – Тетоец. Од луѓето кои служат во манастирот дознаа многу повеќе за историјата на овој крај, но и поминаа неколку часа во мир и спокој престојувајќи во манастирските конаци. Ова дружење на сите им беше добредојдено во овие тешки пандемски денови, – ни рече Милорад Трпоски, претседател на ЗП Струга, кој го придружуваше Активот на жени.

Многумина за Лешок велат дека е едно од најубавите и најздравите места во нашата земја. Сместен на југоисточната страна на Шар Планина, на надморска висина од 610 метри, Лешок е најстара населба во Полог. Се споменува на почетокот на средниот век како градска населба под името Леген Град. За него сведочат археолошките остатоци, од кои најпознато е Лешочкото кале. Со оглед на извонредните природни услови, јасно е зошто токму овде пред повеќе од илјада години се населиле првите жители. До селото се стасува по кривулест асфалтиран пат што се двои од магистралниот пат Тетово – Јажинце, на 8 километри од Тетово.

Во природен амбиент во т.н. Горен Лешок се наоѓа Лешочкиот манастир, најголем духовен центар во Тетово и околината. Комплексот ги опфаќа црквите Свети Атанасиј и Света Богородица, гробот и спомен–собата на Кирил Пејчиновиќ – Тетоец, еден од најпознатите македонски преродбеници од 19 век, како и параклис посветен на светите Кирил и Методиј.

Манастирот е основан во 1321 година од страна на епископот полошки Антониј. Комплетно заживување добива со доаѓањето на Кирил Пејчиновиќ од Света Гора, во 1818 година, кога се обновени манастирските конаци и е основана манастирската библиотека. Тоа е време кога Лешок прераснал во книжевен и просветен центар.

**Стојан Кукунешоски**

ЗП Демир Хисар

# Заеднички активности со „Нега Центар“ - Демир Хисар

По повод одбележување на Неделата на грижа за старите лица од 15–21 ноември, Здружението на пензионери Демир Хисар во соработка со Црвен крст на РСМ – ОО Демир Хисар и „Нега Центар“ Демир Хисар, во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги „Помош и нега во домот“ на градскиот плоштад „2–ри Септември“, организираше настан со кој се овозможи на старите лица бесплатно мерење на витални знаци (телесна температура, крвен притисок, ниво на шеќер во крвта и др.)

Услугата беше дадена од страна на 7 лиценцирани негувателки, кои се дел од услугата „Помош и нега во домот за стари лица“, проект спроведен од МТСП со поддршка на Светска банка за подобрување на социјалните услуги кај пензионерите и старите лица.

– Целта за одбележување на „Неделата на грижа за старите лица“ е да се подигне јавната свест за потребата од зголемена интеграција на старите лица во сите сфери на општествениот живот, како и потребата за обезбедување на грижа и помош на истите во нивниот дом.

Оваа прилика е искористивме и да ги промовираме услугите пред пензионерите кои ги дава „Нега Центар“ на најстарите жители во помагање на секојдневните активности и нега на корисникот во неговиот дом – ни рече координаторот на „Нега Центар“ Демир Хисар, Марија Стојановска.

– Демирхисарското Здружение на пензионери секогаш ги поддржува, ги помага и зема активно учество во сите активности кои се од интерес на пензионерите. Нашето учество и соработката во Проектот „Помош и нега во домот“ се зародиш на една поголема општествено – корисна работа со старите лица од нашата Општина на кои им е потребна помош и нега во нивниот дом, во услови и опкружување во кое тие се чувствуваат најубаво и најпријатно – изјави Претседателот на ЗП Демир Хисар Кирило Блажевски.

**Зоран Стевановски**

ЗП Неготино

# Активистките во посета на Поликлиниката „ЖАНА“ во Неготино

Долгогодишната соработка на ЗП Неготино со Поликлиниката „Жана“, во годинава што изминува ја продолжи својата традиција. Имено по повод Неделата за згрижување на стари и изнемоштени лица, раководејќи се според ковид мерките, десетина жени, членки на Активот на жени при ЗП Неготино, а предводени од претседателката Нада Солакова го посетија Домот, дарувајќи им на старите лица домашни специјалитети, приготвени од вештите раце на активистките пензионерки. Средбата беше несекојдневно убава, со насмевки и топли прегратки, заради кои со сигурност овој ден ќе им остане во трајно сеќавање. Да потсетиме и тоа дека, од страна на Софија Мечева, најдобар долгогодишен соработник и активист, гостинките исцрпно беа запознаени со работата на Домот. Таа искажувајќи им топло добредојде истакна дека „Жана“ е прв објект од ваков вид во републиката и постои од 2000 година. Опремена е по најсовремени стандарди и со ентериер прилагодлив на старите изнемоштени лица. Овој Дом рече таа, згрижува 92 лица од целата република, а за нив се грижи високо остручен персонал. Поликлиниката има два објекта целосно поврзани со лифт од кујната до просторот за дневен престој и собите во кои престојуваат старите лица. Персоналот има развиено одлична културно–забавна програма и друштвени игри, така што секој ден им е повеќе од исполнет на штитениците. При престојот на пензионерките од ЗП Неготино, се создаде весела атмосфера, со песна и оро во кое едни до други играа и домакините и гостинките.

**Маријана Пешиќ**

# „Сите сити“ - искуства од изминатиот период

На 24.11.2021 во просториите на Центарот за иновации, се одржа годишна конференција организирана од НВО „Ајде Македонија“, посветена на активностите од проектот „Сите сити“ со кој се организира собирање и донирање храна на загрозени лица. На неа покрај организаторот учествуваа претставници на многубројни невладини организации и донатори, а од страна на СЗПМ учествуваа д–р Димитар Димитриевски и Цветан Ристевски од ЗП Кисела Вода. Беа изнесени податоци дека во нашата држава има 460 000 луѓе кои живеат под прагот на сиромаштија, а годишно се фрла околу 12 000 тони храна, од кои скоро половината од страна на домаќинствата, а во помал дел од угостителството, трговијата и производителите. Со акцијата „Сите сити“ во изминатата година се собрани и поделени 59 тони храна, при што покрај Скопје – каде што дневно 400–500 лица се корисници на оваа помош, акцијата е проширена и на Виница, Неготино и Битола, каде што се опфатени уште 300 лица. Интересот за акцијата се шири постојано, но постојат и проблеми од типот на превоз на храната, нефункционирање на интернет платформата за аплицирање и отпор на власта да ги измени прописите со цел да се стимулира донаторството. Организаторот истакна дека се прават напори сите овие проблеми што поскоро да бидат решени и акцијата да продолжи со засилен интензитет. СЗПМ со организацијата „Ајде Македонија“ неодамна потпиша Меморандум за соработка со што се отвора можност Здруженијата на пензионери, членки на Сојузот, да се вклучат во оваа акција и да им помогнат на своите членови на кои им е неопходна помош.

**Д. Димитриевки**

Заедничка седница на извршните одбори на збратимени здруженија ЗП Солидарност – Аеродром и ЗП Охрид и Дебрца

# Договор за содржината на соработката во 2022 година

На 11.11.2022 година во Еко хотел „Бања Света Недела“, во Катланово, Скопско, се одржа трета заедничка седница на извршните одбори на збратимените ЗП Солидарност – Аеродром Скопје и ЗП Охрид и Дебрца од Охрид. На седницата од ЗП Солидарност – Аеродром Скопје беа присутни претседателот на Здружението Димитрија Богатиноски, претседателот на Собранието Тодор Тодоровски, секретарот Никола Маркоски, претседателот на Надзорниот одбор Зоран Тевчев и сите членови на Извршниот одбор. Од ЗП Охрид и Дебрца беа присутни претседателот на Извршниот одбор Ѓорѓи Трпчески, претседателот на Собранието Димитар Спасевски, секретарот Стефан Владимиров, претседателот на Надзорниот одбор, членови на Ивршниот одбор, и други членови на телата и комисиите.



На седницата присуствуваа и претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски и претседателот на ЗП Прилеп Славко Трајкоски.

Претседателот на здружението Димитрија Богатиноски, откако ги поздрави присутните, истакна дека заедно со збратименото здружение се потрудиле и покрај кризата со ковид 19 да ја организираат оваа заедничка средба со членовите на извршните одбори од двете здруженија, која е составен дел на Програмата и активностите за 2021 година. На седницата беше направена анализа на реализираните програмски активности во 2020 и 2021 година на двете здруженија.

Претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски се заблагодари на поканата да присуствува на заедничката седница на извршните одбори на двете збратимени здруженија и истакна дека особено му е драго што во услови на пандемија се остварува заедничката цел пензионерите да се дружат, да се натпреваруваат со нивните физички и ментални способности, како и да учествуваат во културно–забавниот живот. Присутните ги поздрави и претседателот на ЗП Прилеп Славко Трајкоски. На седницата се усвои заклучок да продолжи традиционалната соработка, а Координативното тело да направи Предлог–програма на активности за 2022 година, со напомена дека реализацијата на Програмата ќе зависи од условите кои ќе следат во наредниот период.

Горги Манасков, кој го води и на кој му е даден на користење овој објект во Катланово, истакна дека објектот го добил доста запуштен, а сега е комплетно реновиран а ќе биде надограден со спа–центар, џакузи, бања со морска вода и јод, како и солена соба. Се планира кислородна капсула за регенерација на целото тело со озон 3, како и просторија за ординација на лекар. Објектот располага со 60 легла, во секоја соба има бања, има летниковец и воздушна бања. Во постапка е правење на патека до врвот на планината, исто така и дрвена направа, а со градоначалникот на Општина Петровец планираат да направат фудбалско игралиште. Претседателот Димитрија Богатиноски додаде дека во процедура е подготовка на Договор за користење на услугите од овој објект, кој ќе биде доставен до сите здруженија, а цената би била достапна за сите пензионери. На седницата присуствуваше и градоначалникот на Општина Петровец, Борче Митевски, кој ги поздрави присутните и се заблагодари на претседателот на СЗП на град Скопје Димитрија Богатиноски за упорноста и доследноста да се добие објектот во интерес на пензионерите. По завршување на седницата беше разгледан објектот Еко–хотел „Бања Света Недела“, како и на црквата „Св. Недела“, во непосредна близина на објектот.

ЗП Лозово

# Заедничка активност на активите на пензионерки

Многу често ќе слушнеме „Заедно сме посилни“, а членките на активите на пензионерките на ЗП Лозово и ЗП Велес, би додале: „Заедно сме помудри и повредни“. На 15.12.2021 година во просториите на ЗП Лозово, активите на пензионерки на ЗП Велес и ЗП Лозово имаа креативна работилница со хуманитарен карактер, изработија од трикотажа дамски торбички и торби за пазарење, плетени и украсени. Овие преубави изработки ќе се продаваат, а парите од нив ќе бидат наменети за болните пензионери и пензионерите со мали примања. За восхит беше организираноста и тимската работа. Во вештите раце на пензионерките за час се створија преубави, уникатни торбички. Недовршените торбички, креативките, ќе ги завршат дома.



Чувството е поголемо и поубаво заедно со некого да ги споделиш своите идеи и во дружба да ги реализираш, особено ако заложбите се од хуманитарен карактер.

**Марија Моневска**

ЗП Прилеп

# Велосипеди на позајмување

Секоја година локалната самоуправа во Прилеп, а секако и пошироко и во другите општини, се распишуваат огласи за пријавување на заинтересираните граѓани за добивање субвенции за набавка на велосипеди. Целта е да се намали загадувањето на воздухот, а и притисокот низ градските сообраќајници. Во Прилеп велосипедите се користеле што се вели уште од памтивека. Кирил Огњаноски, сега 75–годишен пензионер се присетува на неговиот татко, Томе Велосипедџијата. Томе го познаваат и повеќемина од постарите љубители на велосипедот, бидејќи тој не само што имал работилница за нивна поправка, ами тој имал велосипеди што им ги давал уште пред осумдесетина година на возење на децата на саат–возење што немале можност да имаат велосипед. Или, сега модерно како што се вели тој давал „рента бајк“, под кирија за десетина тогашни динари. Негови најчести муштерии биле младите, а најповеќе децата.

– Татко ми беше „асли“ велосипедист, си го знаеше занаетот. Уште од пред војната тој имал велосипеди и тоа познати тогашни марки. И не само што си го сакаше занаетот и ги поправаше, ами тој бил и беше добар велосипедист. Возел за тогашниот велосипедски клуб, што и денеска постои, а влече корени уште од тоа време. Тогашните велосипеди, биле направени од здрави метални материјали кои најмногу се расипувале на ножната кочница, се кинеле гумите, оти немало асфалт, а и синџирите. – вели неговиот син Кирил Огњаноски. Убаво би било и денес да има некој кој ќе издава велосипеди во градот, но особено во руралните средини.

**К.Р.**

Средба со проф. д–р Васил Дрвошанов

# Вреден лингвист и поет



Името на проф. д–р Васил Дрвошанов се изговара со респект не само во научните кругови во нашата земја, туку и надвор од нејзините граници. Овој доктор по лингвистика, со посебен придонес за развојот на дијалектологијата, сега зачекорен во осмата деценија од животот, паралелно со ползувањето на благодатите од пензионерските денови, тивко и достоинствено се навраќа на изминатите години посветени на науката и поезијата. Воспитан уште во своето детство во родното Моноспитово (1951 г.) да биде скромен и трудољубив, на резултатите од својата дејност гледа реално истакнувајќи дека секогаш се може и повеќе и подобро. А ние, пак, мислиме дека тој со право може да биде горд со постигнатото. Добитник е на многу награди, меѓу другото на наградата „13 Ноември", наградата „Гоце Делчев", автор на триесетина книги и четиристотини статии, директор на Институтот на македонски јазик „Крсте Мисирков" и редовен професор на Педагошкиот факултет „Климент Охридски". Тоа беше повод разговорот со него да го посветиме на науката за јазикот и на поезијата.

● **Вие на македонскиот јазик му го посветивте целиот живот. Како се разгоруваше љубовта кон јазикот како главен белег на идентитетот на еден народ?**

– Како ученик ме привлекуваше предметот Македонски јазик. Мојата желба беше да го изучувам македонскиот јазик и македонската книжевност, така што определбата да студирам на Филолошкиот факултет воопшто не е случајна. Патем да спомнам дека на почетокот од студиите повеќе ме влечеше книжевноста, меѓутоа, за време на студиите пројавив интерес кон јазикот. Тој интерес се зголеми со запишувањето на постдипломските студии од областа на науката за јазикот што продолжи со изборот на тема за магистерскиот труд и на тема за докторската дисертација од научната дисциплина дијалектологија на македонскиот јазик. Љубовта кон македонскиот јазик како главен белег на идентитетот на еден народ трае со децении, особено, се разгори по осамостојувањето на Македонија кога продолжија негирањата на македонскиот јазик од страна на некои од соседните земји.

● **Пригрнувањето на јазикот како животна професија бараше и соодветна едукација. Како се оствари тој процес и каде се потврдивте како лингвист?**

– По дипломирањето на Филолошкиот факултет продолжив на постдипломските студии по македонски јазик, а по магистрирањето и по докторирањето, перманентно се стекнував со нови знаења преку следење на македонската и на странската литература од областа на лингвистиката. Меѓувреме носев работи во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Одделението за дијалектологија, каде што работев на проектот „Македонски дијалектен атлас". Од овој проект е реализиран воведниот том како колективен труд, а како самостоен труд го објавив делото „Анатомската лексика за човекот во македонските говори".

● **Јазикот бара постојана грижа. Тој е жив организам. Дали како народ се грижиме доволно за нашиот, кој, како што вели Конески, е нашата татковина?**

– Во книгата „Јазичен мозаик" напишав дека македонскиот јазик денес се зборува во Република Македонија и во соседните држави Грција, Бугарија, Албанија и Србија, каде што постојано живее дел од македонската нација. Во еден разговор во весникот „Нова Македонија", помеѓу другото, спомenav дека јазикот за Македонците е наттериторијален, надверски и натпартиски принцип, којшто бара непрестајно негување и почитување од сите родени зборувачи и од сите други корисници. Макар што македонскиот јазик има свое минато, макар што македонскиот јазик има своја сегашност, токму поради фактот што постојат оспорувања на македонскиот идентитет однадвор, и понатаму пред меѓународната научна јавност аргументирано треба да го докажуваме македонското самопрепознавање за да ја зачуваме иднината на македонскиот јазик и на македонската нација за следните поколенија. Оттука произлегува и потребата од чествувањето на делото на нашиот културен великан Блаже Конески во што се вклучи соодветно и творечки во одбележувањето на овој значаен јубилеј и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

● **Вие сте автор и на седум поетски книги. Кои се главните теми во Вашата поезија?**

– Оваа година во издание на „Бата-прес" излезе од печат поетската книга „Гласје", којашто целосно се надоврзува на поетските збирки: „Ронки", „Мониста", „Постапалка", „Дожд„, „Рој" и „Семе". Главните мотиви во нив е интимата на човекот, кој е распнат меѓу желбите и можностите. Станува збор за обичниот човек, кој е отуѓен и не се снаоѓа најдобро во ова превртливо време, доаѓајќи во психолошки судир со околината, со своите блиски, а често и со самиот себеси, без да ги сфати неминовните промени и да најде решение за наталожените проблеми.

**Перо Миленкоски**

ЗП Пехчево

# Педесетина години со убавата малешевска песна



Кога се прави ретроспектива на интерпретаторите на убавата малешевска песна во изминатиот период, неодминливо е името на Борис Грковски од Берово кој веќе педесетина години ја афирмира убавата македонска и малешевска песна на сцените во Македонија и регионот.

Роден е во Берово, каде го завршува основното и средното образование, а Економскот факултет во Скопје. Музиката и пеењето се дел од неговиот живот уште од млади години. Неговиот татко свирел на мандолина, а малиот Боро со својот убав глас го придружувал на семејните прослави. Во основното училиште пеел во училишниот хор, како и во хорот во гимназијата „Ацо Русковски", во Берово. Раководителот на хорот и оркестарот професорот Ѓорѓи Попгеоргиев го открива неговиот талент за пеење. Тој во разговорот се присетува на првиот настап на Боро, на приредба во ДТВ „Партизан" во Берово каде што настапил со Цана Бетинска, публиката била воодушевена и со аплаузи го проследила настапот на младите ученици.

Со започнувањето на студиите почнува поинтензивно да се занимава со пеење и се зачленува во АКУД „Мирче Ацев" во Скопје со кое настапува на повеќе сцени во поранешна Југославија, а забележителни му се настапите во Ниш, Београд, Ластово. Бил примен на аудиција во „Танец", но таа можност пропаднала бидејќи во меѓувреме добил покана за заминување во ЈНА. Пеел и како војник во ЈНА.

По вработувањето во 1973 година, со група ентузијасти при Домот на културата „Димитар Беровски" ја формираат групата „Распеани Беровчани", со која раководел неговиот професор од гимназиските денови Ѓорѓи Попгеоргиев. Со групата имаат настапи на Радио Скопје, на фестивали и приредби, и на локалната сцена во Берово. Настапуваат и на Охридските староградски средби, на Илинденски денови во Битола, на Фестивалот на Пеце Атанасовски во Долнени, каде што добива награда за изведба, воедно учествуваат и на фестивали во Бургас, Средец, во Банско, во Микрево, Р Бугарија. Забележителни се настапите на Борис Грковски со оркестарот на Радио Скопје во Сандански и Петрич, Р Бугарија, по повод пограничните средби на Берово и Сандански. Има повеќе настапи на „Малешевско–пијанечката свадба" во Делчево, Фестивалот на дувачки оркестри во Пехчево заедно со Миле Шоповски, на Фестивалот во Валандово. Пеел во дует со Љупчо Дучевски, кој исто така потекнува од Берово. Редовно настапувал во музичките емисии на Македонската радио–телевизија каде што има снимено над 70 песни во продукција на МТВ од кои поголемиот дел се песни од Малешевијата. Во разговорот Грковски го потенцираше и следниот интересен момент:

– Пред 25 години заедно со професорот по музика Вејчеслав Поповски од Пехчево и КУД „Вера Јоциќ" од Македонска Каменица снимивме касета и на истата јас пеам четири песни дует со Горица Поповска. Издадената касета е можност убавите песни да не се заборават.

По пензионирањето Борис Грковски активно се вклучува во органите и телата на Здружението на пензионери во Берово. Бил член на комисијата за спорт и рекреација, а сега е активен член на Комисијата за културно–забавен живот при СЗПМ. Музичката група е редовен учесник на регионалните ревии на песни, музика и игра, а повеќе пати учествува и на републичките. Групата е редовен учесник на манифестации од регионален карактер по различни поводи.

Иако Боро веќе навлегол во деветтата деценија од животот, оптимистички ни ја откри идејата која планира да ја реализира во наредниот период:

– Сакам да направам книга од сите песни од Малешевијата кои со години сум ги собирал и интерпретирал. При тоа морам да ја споменам помошта на професорот Јован Бошначки. Повеќе од педесетина песни треба да се мелографираат и обработат, да се испечатат и останат забележани за идните генерации, за да не се заборават и да се пеат.

Кратка е, оваа моја слика на Борис Грковски, плоден интерпретатор на многу испеани песни, на многу фестивали, настапи, патувања..., проследени со силни аплаузи, на човекот со глас дар од бога кој имале задоволство да го чујат илјадници слушатели во Македонија и пошироко.

**А. Кацарски**

ЗП Пехчево

# Осум години на сцена

Желбата за дружење и афирмација на Пехчево и убавата Македонска и Малешевска песна била идејата да се формира пејачката група „Малешевска китка" при ЗП Пехчево. На почетокот сите беа сомничави во реализацијата на идејата, но групата постои и наступа веќе осум години.

– Кога во 2013 година присуствуваме на манифестацијата „Пензионерите пеат" во Штип гледајќи ги пејачките групи од другите градови, помисливме зошто пак и ние во Пехчево да не формираме наша група. Идејата ја раширивме низ пензионерите. Таа наиде на позитивен прием и ја формиравме групата, ни раскажува иницијаторот за формирање на пејачката група Д–р Руска Синдраковска. По формирањето на групата беше ангажиран Драган Колевски за уметнички раководител и започна групата со проби. Како и за секоја сериозна пејачка група обезбедени беа 14 носии, со дел од средства од ЗП Пехчево и донации од осумнаесет локални општествено одговорни субјекти. На репертоарот на групата во најголем дел беа песни од Малешевијата, но се негуваа и убави македонски песни.

Пејачката група има невообичаен начин на финансирање. Покрај средства од ЗП Пехчево, членовите на групата секој месец плаќаат членарина по 100 денари и собраните средства служат за финасирање на патувањата, како и други активности на групата. Првиот настап пејачката група го имаше на меѓународниот фестивалот „Малешево пее и танцува" во Микрево, Република Бугарија. Потоа следуваат настапите на Регионалните музички ревии на песни, музика и игри во организација на СЗПМ, на „Малешевско Пијанечка свадба" во Делчево, на Фестивалот на дувачки оркестри во Пехчево, на „Пензионерите пеат" во Штип, „Тримери" во Струмица, „Форест фест" во Берово, Владимирски средби во Владимирово, „Зелникот на баба" во Пробиштип, и на повеќе настапи за Нова година и 8–ми март во Пехчево и Делчево, на Републичката ревија на песни, музика и игри во Скопје во организација на СЗПМ, 2016 година и друго. Со групата работел и Александар Параскев наставник по музиката во локалното основно училиште, а сега со групата работи Љупчо Попгеоргиев од Берово.

Пандемијата на Ковид 19 ги прекина амбициозните планови за наредниот период. Планирани беа повеќе настапи: посета на старскиот дом во Берово, посета на стари и немоќни пензионери и тоа со збогатување на репертоарот со нови песни. Заради големината на групата и неможноста од нејзино делење од човечки и уметнички аспект, пејачката група не учествуваше на Регионалнита ревија на песни, музика и игри која се одржа во Делчево. Инаку, покрај својата уметничка мисија групата покажа и хуманост. Во екот на пожарите кои минатото лето ја зафатија Малешевијата, членовите на групата со сопствени средства од обезбедија сендвичи за Австриските пожарникари кои со локалното население се бореа со пожарите.

**Александар Кацарски**

ЗП Кратово

# Настап на Тамбурашкиот оркестар на манифестацијата „Лесновските ѕвона"

По четиринаесетти пат, почнувајќи од 2007 година, пензионерите од Тамбурашкиот оркестар „Кратово", ја отворија поетската манифестација „Лесновските ѕвона" која се одржува во чест на големиот македонски поет Чедо Јакимовски. Манифестацијата традиционално се одржува во Музејот на град Кратово или пред Домот на културата „Лазар Софијанов" – Кратово и во Лесновскиот манастир, но оваа година од претпазливост заради пандемијата, истата се одржа само пред Домот на културата. Пензионерите од Тамбурашкиот оркестар „Кратово" најнапред ја исполнија омилената песна на Чедо Јакимовски: „Ќе ти умрам, мамо, рано у недела", која всушност е химна на поетската манифестација „Лесновските ѕвона". По овој повод присуствуваа најголемите поети од нашата земја, љубители на убавиот збор. Бидејќи минатата година (2020) не се одржаа „Лесновските ѕвона", по донесените мерки за ковид 19, оваа година беа доделени награди за 2020 и 2021, кои се состојат во отпечатување на стихозбирки. За 2020 година наградата ја има добиено младата поетеса Тања Кузмановска за стихозбирката „Огнови", а за 2021 наградата ја доби исто така млада поетеса Емилија Алексова за стихозбирката „Боже, упати ме". Пензионерите од Тамбурашкиот оркестар „Кратово" настапија со повеќе убави кратовски и македонски песни со што ја збогатија програмата на оваа традиционална поетска манифестација, за што беа наградени со долготраен аплауз. Исто така, беа доделени и повелби на сите членови на Тамбурашкиот оркестар „Кратово" кои до сега земале учество на поетската манифестација „Лесновските ѕвона".




**Методи Мишевски**

Куманово

# „2222 надимци на кумановци на кумановски"




Во Занаетчискиот дом во Куманово, во чест на Денот на ослободувањето на градот, свечено беше промовирана книгата „2222 надимци на кумановци на кумановски" од пензионираниот професор Мирко Зафировски, како трета книга посветена на Куманово. Градот и кумановци добија уште една печатена приказна, која ќе заземе посебно место во културната ризница, останувајќи во наследство на идните генерации.

Рецензентот на книгата м–р Анита Стојчевска во својот осврт ќе забележи дека ова дело е продолжение на втората книга на авторот „По што га препознавамо Куманово" во кое на уникатен начин се претставени карактеристичните белези на Куманово. Новата книга содржи прекари (надимци), по кои кумановци се надалеку познати, а ги добиваат и ги носат покрај нивните лични имиња. Авторот, преку интересни приказни и лични случувања ни слика како на платно од каде почнале да се даваат прекарите, како се креираат, дали по луѓе, улици, сокаци, групи... Преку умерена доза на сатира и интелигентен хумор прикажан е сјајот на кумановската шега, на кумановскиот табиет, преку што се препознатливи во однос на другите жители од државата. Прекарите се поделени во 18 квалификации, од кои може да се види врз основа на што и по кој белег е некој познат, дали по животни, по физичка или шеговбијна карактеристика, по растение, регион, фамилија, занает, религија... Оваа книга, потенцира, Стојчевска претставува културно и научно богатство.

За мотивот и идејата, според кои е напишано делото, авторот Мирко Зафировски вели дека за него „надимци" е своевидна пасија од детството, младоста и од третата зрела доба, со желба сите тие да бидат вметнати во пишани документи за градот. Кумановци имаат своја посебна историја, како ретко кои сакале да се пошегуваат на своја, но и туѓа сметка. Прекарите се одраз и на менталитетот на Кумановци, и најчесто тоа се имиња кои не им се дадени од кумот или роднина, но сепак преку нив одредени личности се препознаваат повеќе отколку преку личните имиња. Оваа книга е изготвена со несебична помош од неколку познати кумановци, кои дале свој придонес во истражувањето на проблематиката. Најголема желба на авторот е читателите, а посебно младите генерации, преку оваа книга да се запознаат со прекарите на нивните сограѓани, но и да ги мотивира да продолжат по неговиот пат, да ги следат неговите траги и да дадат свој придонес во збогатување на културата.

**Јасмина Тодоровска**

# Да, јас разбирам...

Едуардо Галеано



Работата е во тоа дека не можам да живеам на овој свет, фрлајќи ги работите и менувајќи ги до следниот модел, само затоа што некој помислил да ја додаде или да ја намали малку таму некоја нова функција...

Не толку одамна, јас и жена ми ги перевме пелените на децата, ги простиравме на жица со другите алишта, а потоа ги пеглавме и диплевме, да бидат спремни за повторното валкање... А нашите малечки, штом пораснаа и добија свои деца, веднаш почнаа да фрлаат сѐ на светот, па и пелени. Тие не се двоумеа да прејдат на еднократна употреба...!

Да, јас разбирам...

На нашата генерација не ѝ беше лесно да фрла. Ниту еднократното за нас не излегуваше баш за еднократна употреба..! Живеевме со полни со мрсулави шамичиња во џебовите... Не велам дека беше подобро... Само сакам да кажам дека во одреден момент ми се одвлече вниманието, испаднав од светот и сега не знам како да се вратам назад... Најверојатно, бидејќи како што е сега, така е добро и правилно, не се расправам...

Работата е што не ми се допаѓа да го менувам магнетофонот еднаш годишно, мобилниот телефон на три месеци, мониторот на компјутерот секој Божиќ или телевизорот секоја година...

Јас сум од времето кога работите се купуваа за цел живот... Уште поточно, тие се купуваа и за оние генерации кои следат... Луѓето предаваа во наследство ѕидни часовници, велосипеди, фотоапарати, сервиси за јадење, чаши, вазни, па дури и подавалници...

Неодамна прочитав дека во последните 40 години е создадено повеќе ѓубре отколку во целата историја на човештвото!

Денес ние фрламе апсолутно сѐ. Нема веќе чевлар кој поправа чевли, нема мајстор за душеци да го поправи душекот и да биде како нов, нема улични острачи за ножеви, нема кројач што поправа облека, или некој што поправа чадори...

А јас сум оттаму каде што сите овие ги имаше и ништо не се фрлаше...

И не дека беше подобро...

Само разочарува фактот и е многу тешко кога цел живот те учат „зачувај го, еден ден добро ќе ти дојде“ преминува во „купи сѐ ново и ослободете се од сѐ што е старо, нов модел наскоро ќе се најде на продажба...“

Непишано правило е дека колата треба да се менува на секои 3 години, во спротивно си губитник... дури и ако колата е во добра состојба и треба да се задолжуваш доживотно за да платиш нова...

Главата ми пука од сето тоа... Сега моите роднини и деца на пријателите менуваат не само телефони, туку и броеви, адреси на е–пошта, па дури и вистински адреси, секоја недела. А мене ме подготвија да живеам со еден ист број, со иста сопруга, во една и иста куќа и со едно и исто име. Ме научија да чувам сѐ... Сѐ што е потребно и непотребно... Затоа што еден ден сѐ може да ни се најде...

Имавме голем проблем затоа што никогаш не ни беше кажано што може да биде корисно, а што не... Со оваа навика за зачувување (бидејќи сѐ уште ги почитувавме традициите), ние ја сочувавме дури и папочната врвца на првиот син, млечниот заб на вториот, албумите со цртежи од градинка, првото праменче од косата кога бевме на фризер... Како сега да ги разберам луѓето кои се ослободуваат од мобилниот телефон неколку месеци откако го купиле? Дали е тоа затоа што кога работите лесно се добиваат, тие не се ценат и стануваат за еднократна употреба со иста леснотија, како што и дошле? Дома имавме ормар со четири фиоки. Во првата фиока имаше крпи за во кујна, во втората има прибор за јадење, а третата и четвртата беа за сѐ што не се крпи или прибор за јадење кој ретко се користи...

И ставаме сѐ таму... сѐ до големи капаци, капачиња за шишиња, отворачи за конзерви за сардина за еднократна употреба... Уште и батерии! Батериите талкаа од фрижидерот до таванот... затоа што никогаш не знаевме точно дали треба да ги ладиме или загрееме. За да работат малку повеќе. Никогаш не можевме да се помириме со нивната смрт по само неколку употреби...

Сите овие работи не беа за еднократна употреба, туку за сочувување...

На пример, весници. Тие се користеа за сите намени – за правење влошки за гумени чизми, за постилање на подот во дождлив ден, за миење прозорци, за завиткување... Колку пати сме дознале за нешто ново читајќи весник во кое било завиткано парче месо или одвиткувајќи јајца, внимателно завиткани во весник од продавачката од блиската продавница! Чувавме сребрени обвивки од чоколади и цигари за да ги претвориме во новогодишни украси... Страници од календарот за да ги претвориме во слики... Капачиња со пипети за лекови, ако некој лек испадне дека е со различно капаче... Искористени кибритчиња, кои се погодни за запалување на уште една свеќа... Кутии за чевли кои се претворија во нашите први фотоалбуми... Ги рамневме шајките за повторно да ги користиме... Ни беше тешко да ги осудиме нашите значајни нешта на смрт...

Додека пак денес, ги „убиваат“ на првиот сомнеж за негодност... А кога ни продаваа сладолед во мали чашички, нивните капаци се претвораа во подметнувачи, кои најдоа бесмртност на полиците за чаши и бокали... Теглите пак од слатко, стануваа вазни за цвеќе, држачи за моливи или телефони... Првите пластични шишиња стануваа украси со сомнителна убавина, а тапите трпеливо чекаа во кутиите на средба со шишето...

Јас просто си го гризам јазикот, за да ги избегнам споредбите помеѓу вредностите, кои ние ги чуваме и од кои се ослободуваме. Се трудам да не говорам, дека денес станаа за еднократна употреба не само апаратите за домаќинство... туку и браковите и другарувањата... Но, јас ќе ја избегнам грешката на споредување на луѓе со предмети.

Си го гризам јазикот себеси, за да не говорам за губењето на сопствената самобитност, исфрленото од нас колективно сеќавање и кревкото минато... За нашето ослободување од моралот, кога станува збор за бизнисот... Јас нема тоа да го правам...

Нема да ги мешам темите и да говорам дека на вечното му е доделено рок на траење и дека се обидуваат моменталното да го направат вечно... Нема да кажам дека старите се осудени на смрт штом ќе ги измешаат имињата на двајца внуци и дека сопружниците се менуваат во понови модели штом ќе им висне стомачето или ќе се појави првата брчка.

Овој разговор е инаку – само за пелените и мобилните. Во спротивен случај, ако сѐ се измеша, треба сериозно да размислам да ја дадам на мојата брачна другарка како дел од уплатата за друга, со помала километража и некоја нова функција. Но, јас сум премногу бавен за овој свет на континуирани ажурирања и ризикувам дека таа ќе ме претрка. Така што во замена ќе бидам даден – јас.

**Маја Белева**

Тетово – Разговор со Јоцко Димитриевски, пензионер, претседател на ОО на Сојузот на борците

# Историјата учителка на животот - претскажувач на иднината



Тетовецот Јоцко Димитриевски е „новопечен“ пензионер, само две години, а веќе пет години е претседател на Општинската организација на Сојузот на борците во Тетово. Во боречката организација членува како боречко семејство, неговиот татко Петко бил учесник во НОВ од 1942 година, а самиот како историчар, непосредно е „врзан“ за минатото, особено она што е одлика на прогресот. Завршил филозофски факултет во Скопје – група историја, а претходно со основно и средно образование се стекнал во Тетово. Целиот работен век го поминал како професор по историја, од кои 14 години во Основното училиште „Гоце Делчев“ во селото Стенче, а останатите до пензионирањето во СУ „А. С. – Кикиш“ во Тетово, каде што пет години ја извршувал и должноста – директор. За работата со ученици вели дека „нема поблагодарна“, а едуцирањето на децата со историското минато, особено „националната историја, претставува учителка на животот која го објаснува минатото, но истовремено ни ја претскажува иднината“. Тој, и како продолжувач на традициите на борците, во СЗБ станал член во 1994 година, а последните пет години е и претседател на Општинската организација во Тетово, во која сега има стотина членови, главно продолжувачи, бидејќи само тројца, веќе стогодишници, се учесници на НОВ. Јоцко е и член на Здружението на југословенските партизани.

Во разговорот со овој пензионер и активист, неизбежно се наметна прашањето за функционирањето на боречката организација во Тетово, за проблемите и прашањата со кои таа се судрува. Јоцко, како „од пушка“ ќе рече дека „остварена е желбата на многу генерации на македонскиот народ и припадници на другите етнички групи што живеат на овие простори, за создавање слободна и независна држава. Остварен е сонот на нашите револуционери и борци – Гоце, Јане, Даме, Питу, Мерџан, Амбарче... По многувековни страдања, во екот на втората светска војна, македонскиот народ ја одбра вистинската страна вклучувајќи се во борбата против фашистичките окупатори и нивните слуги. Во таа четиригодишна епопеја, во темелите на самостојноста, вградени се и животите на 360 жители од тетовскиот крај“.

Со какви проблеми се судрува боречката организација во Тетово, го прашуваме Димитриевски. „Не само во Тетово, туку и во цела држава, боречката организација е оставена на маргините, без постојан извор на приходи за остварување на програмските цели и задачи, за продолжување да се негуваат традициите и заедничкиот живот. Немаме елементарни услови за функционирање. Како да се залудни нашите постојани укажувања за соодветен третман, во што ништо подобро не е ниту во 'грижата' на локалната самоуправа. Во духот на ова што го зборувам е и негрижата за споменициите на двата народни херои од Тетово: Тодор Циповски – Мерџан, Ѓоце Стојчевски – Амбарче. Тие во 2006 година на недозволен начин беа отстранети од плоштадот во Тетово и никако да се најде соодветно место, каде младите генерации на достоинствен начин ќе се потсетуваат на нивните херојства„.

Запрашан за соработката со ЗП Тетово, Јоцко Димитриевски вели: „Со ова здружение имаме изградени односи и меѓусебни разбирања. Долгогодишна е оваа соработка, благодарејќи на разбирањата на најповиканите во ЗП Тетово. Со нас се во одржување на спомениците на Револуцијата, во одбележувањето на празниците и други поводи, ни отстапуваат простор за одделни наши активности. Сѐ на сѐ, тоа е соработка каква што заеднички ја посакуваме и негуваме“, ни рече нашиот соговорник.

**Гојко Ефтоски**

ЗП Куманово

# 2021 - година на успешни резултати, довербата оправдана



На крајот на декември секогаш се сумираат и анализираат постигањата, активностите и проблемите за тековната година и врз тоа се прават и програми за наредната година. Имајќи го предвид сево ова, можеме со сигурност да кажеме дека 2021 година за ЗП Куманово беше успешна на повеќе полиња и на тој начин ја оправда довербата од пензионерите. Успехот се должи на спроведените активности, но, најмногу на одличните резултати од 25–тата спортска пензионерска олимпијада во Велес. Ова е директен повод за разговор со првиот човек на Здружението Благе Јакимовски.

**● Претседателе Јакимовски, најнапред честитки за освоеното прво место на најмасовната пензионерска спортска манифестација Велес 2021, која оваа година одбележа 25 години постоење. Како го доживеавте спортскиот успех на кумановските спортисти-пензионери?**

– Благодарам за честитките, сигурно дека сум среќен и задоволен поради успехот на кумановските спортисти пензионери, кои се покажаа како најдобри во државата. Ова се должи на добрите подготовки и организираност на сите фактори на одлучување и на самите пензионери. И раководството и Комисијата за спорт, тренерите и спортистите дадоа сѐ од себе да постигнат добри резултати и да станат севкупни победници. Сепак сметам дека на оваа спортска манифестација сите учесници се победници, нашите се севкупно најдобри, но најважно е дека пензионерите се дружеа, рекреираа и си го направија својот живот поубав.

**● Освен спортските успеси ЗП Куманово годинава се најде и меѓу учесниците на Републичката ревија на песни, музика и игри. Со каква програма се претставивте?**

– ЗП Куманово како добар домаќин на Регионалната ревија на песни, музика и игри, беше директен учесник на Републичката ревија. Заради пандемијата и двете ревии беа редуцирани, со помала програма и учесници, а нашето здружение настапи со две музички нумери на македонски и албански јазик, придружувани од наш оркестар. Сметам дека се претставивме мошне успешно, за што добивме и многу аплаузи од присутните, кои не ги штедеа дланките за да ги наградат и двата настапа.

**● И во услови на ковид 19, ЗП Куманово реализира повеќе активности, редовно се одржуваа состаноци и на органите на управување. Ваш коментар?**

– И во текот на оваа година, во услови на пандемија, со запазување на сите препораки од Комисијата и препораките од СЗПМ за заразни болести, продолживме со сите активности, согласно со усвоената годишна програма за работа. Да сумирам дека е одржана традиционалната „Шегобијна разгледница“ на отворено, за првпат е реализирана риболовна средба покрај Липковското Езеро, на барање на пензионерите организиравме екскурзии до неколку туристички дестинации во државата и надвор од неа, еколошка акција за чистење на Долниот градски парк, ги посетивме во неколку наврати корисниците на услугите во Домот за стари лица „Зафир Сајто“ и Пензионерскиот дом и им врачивме заштитни средства за ковид 19. Учествуваме со игроорна и пејачка група на Меѓународниот фестивал во Лесковац, Србија и на поетската литературна средба во Радовиш. Исто така, одржувавме и редовно состаноци на Собранието, Извршниот и Надзорниот одбор, на комисии и ограноците. Она што заслужува да се спомене е дека во соработка со локалната самоуправа на Куманово, обезбедивме бесплатен градски и приградски превоз за пензионери со ниски примања. Покрај редовното доделување еднократна финансиска помош на болни и при одредени елементарни непогоди, надомест и за бањско лекување, ЗП Куманово и годинава додели 750 ваучери на пензионери со најниски примања. Со вакви хуманитарни активности Здружението ќе продолжи и во иднина, но и ќе се бараат други видови помош, зашто наша обврска е да водиме постојана грижа за пензионерите кои немаат услови за нормален живот. Нам тие ни ја дале довербата, а ние треба да им се одолжиме и да работиме првенствено во нивен интерес.

**● На прагот сме на Нова година, што предвидувате со програмските активности за работа?**

– Сите активности за наредната година на органите и телата на ЗПК ќе зависат во прв ред од епидемиолошката состојба со ковид 19, но, сепак, акцентот ќе биде ставен на обезбедување подобри услови за пензионерите, за подобар живот. Сигурно дека ќе продолжиме со активности од културата и спортот, но, и ќе се залагаме и ќе бараме преку СЗПМ да се обезбеди редовна исплата на пензиите, нивно реално покачување и и зголемување на поволностите од здравствената заштита. Воедно, ги замолувам пензионерите да бидат одговорни, да се чуваат, да ги почитуваат препораките за заштита, да носат маски, да одржуваат дистанца, со што ќе се заштитат и себеси и најблиските. Сакам и да ги охрабрам дека доаѓа подобро време, да се вакцинираат бидејќи само така состојбите ќе тргнат на подобро. На крајот на сите пензионери и читатели на „Пензионер плус“ им ја честитам Новата 2022 година со желба да се живи и здрави, да уживаат во пензионерските денови опкружени со најблиските во благосостојба.

**Јасмина Тодоровска**

ЗП Кисела Вода

# Цел живот поврзан со спортот



Повод за овој текст е одбележувањето на 50 години успешен брак на пензионерот Кирил Смилевски – Галиќ со неговата сопруга Цветанка. Во кругот на семејството и пријателите, тој доби многу честитки и убави пораки за добро здравје и заеднички живот уште многу години.

Кирил Смилевски – Галиќ е роден 1943 год. во Скопје во традиционално македонско семејство. Од роди–телите добил многу совети и пример за чесност и трудољубивост. По успешното школување се вработил, а во 1971 години основал семејство. Има две деца и четири внуци кои имаат свои семејства.

Галиќ има голем круг пријатели со кои се дружи во приватниот живот. Отсекогаш се интересирал за спортот, а како младинец успешно се занимавал со фудбал како активен член на клубовите „Вардар“ и „Работнички“. По пензионирањето се активирал во ЗП Кисела Вода и набргу е назначен за претседател на комисијата за спорт. Одговорно ги извршува задачите поврзани со пензионерските спортски игри. Тој ги тренира пензионерите спортисти од ЗП Кисела Вода, организира тренинзи, се грижи за терените, за реквизитите и друго. Луѓето сакаат да се дружат со него бидејќи секогаш е расположен да помогне, да создаде пријатна атмосфера, да се радува на животот и успесите и да подаде рака на секој на кој му е потребна помош. Смилевски пренесува позитивна енергија секаде. Ја сака природата, семејството, внуците и пријателите.

Кон честитките за 50 години успешен брак се придружуваме со желба за долг живот, во добро здравје заедно со сопругата и понатамошно другарување со спортот.

**Василка Топаловска**

# Vullnetarizmi në shoqatat e pensionistëve dhe Lidhje

Dita e vullnetarizmit është 5 - ti dhjetor. Me këtë rast, Kryetari i Republikës të Maqedonisë së Veriut, Stevo Pendarovski, ka dhënë këtë deklaratë:

"Vullnetarët, me misionin e vet fisnik gjithnjë janë në vendin e duhur, duke ju ndihmuar atyre të cilëve u është më se e nevojshme. Angazhimi i tyre dhe aktivitetet humanitare janë inspirim për të gjithë ne. Në emër të gjithë qytetarëve tanë, ju shpreh falënderim dhe respekt të madh për flijimin e tyre, përgjegjësin dhe përkushtimin".

Para ca vitesh, nga organet e Lidhjes, ishte përgatitur Projekti "Pensionisti - vullnetar", projekt i dërguar në shoqatat e pensionistëve me rekomandim se mund të përshtatet, plotësohet dhe implementohet në pajtim me mundësitë e shoqatës. Projekti aktualizohet sërish në Programin e LShPM për vitin 2022 për arsye të pandemisë nga korona virusi. Ndryshe, vullnetarizmi edhe tani ekziston në shoqatat e pensionistëve, por qëllimi është këto aktivitete të fitojnë dimensione të reja në pajtim me kushtet e tanishme të jetës. Është fakt se nëse dikujt i duhet ndihmë dhe dorë e dhënë, ato janë pleqtë e vetmuar ose personat e sëmurë. Tradicionalisht, vullnetarizmi është pjesë përbërëse e aktiviteteve që zhvillohen në shoqatat e pensionistëve - anëtare të Lidhjes, të shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Duke praktikuar vullnetarizmin vlera është e dyanshme: edhe për atë që e jep ndihmën edhe për atë që e merr. Me praktikimin e vullnetarizmit personat më të moshuar mund të mbeten aktiv dhe të angazhuar dhe të ndjehen se aftësitë e tyre akoma janë të vlerësuara, ndërkaq, ata të cilët e marrin ndihmën në shtëpinë e tyre, kanë kualitet më të mirë të jetës dhe ndjenjën se nuk janë të harrua.

Vullnetarizmi është aktivitet që themelohet në parimet e vullnetarizmit. Duke marrë parasysh se vullnetarizmi promovohet si aktivitet shoqëror i dobishëm nga rezultatet e të cilit do të ketë dobi edhe bashkësia më e gjerë në përcaktimin e aktivitetit të vullnetarizmit, janë ruajte parimit të jo fitimit respektivisht mos shpërndarje të fitimit. Nga këtu, sipas Ligjit të vullnetarizmit organizator i aktivitetit të vullnetarizmit mund të jetë së pari shoqatë e qytetarëve ose fondacion. Në shoqatatën e pensionistëve realizohen aktivitete të ndryshme, por lëndë e këtij projekti është promovimi dhe mbështetja e aktiviteteve siç janë: gjetje e prodhimeve ushqimore dhe ngjashëm; pagesë e llogarive; vizita e institucioneve shëndetësore; mbajtja e higjienës në banesë dhe ngjashëm; vizitë e ngjarjeve të kulturës dhe ngjashëm; lloj tjetër i nevojës për ndihmë. Këto aktivitete janë shumë domethënëse për pensionistë për të cilët është e nevojshme ndihma ngase ato për arsye shëndetësore nuk mund të kyçen në aktivitete tjera në shoqatë, ndërkaq e paguajnë anëtarësinë. Këto janë aktivitete të cilat do ta forcojnë besueshmërinë e secilës shoqatë. Padyshim se vullnetarizmi në kryerjen e këtyre aktiviteteve është zhvillimi i përfshirjes në aktivitet në mbrojtje dhe ndihmë të pensionistëve të cilët jetojnë të vetmuar. Me këto aktivitete forcohet profili i shoqatave të pensionistëve si shoqatë qytetare e cila pos aktiviteteve kulturore dhe sportive e zhvillon edhe dimensionin social - humanitar në mjedisin ku shoqata e pensionistëve vepron. Vullnetar mund të bëhet secili, por ai ka edhe këto obligime; - të jep shërbime në pajtim me marrëveshjen për vullnetarizëm me të cilin parapraksit është i njohur; - jep ndihmë personalisht dhe drejtpërdrejt; - të ruaj të dhënat e besueshme me të cilat është i njohur para dhënies së shërbimeve; - ta lajmëroj organizatorin për pasojat e dëmshme për të cilat është i njohur dhe të cilat mund të ndodhin për organizatorin dhe për veten ose për persona të tretë. Me faktin se bëhet fjalë për shoqata të pensionistëve, përveç evidencës të vullnetarëve propozohet shoqata të jep edhe autorizim për legjitimim (legjitimacion) nga shoqata ku është anëtarë dhe ku e kryen aktivitetin vullnetar. Vullnetarizmi do të duhej të jetë një nga aktivitete e rëndësishme e secilit person, shoqatë dhe e Lidhjes, tani dhe në të ardhmen.

**LShPM**

ShP Prilep

# Biçikleta në huazim



Secilin vit, vetëqeverisja lokale në Prilep, e gjithsesi edhe më gjerë edhe në komunat tjera, jepen shpallje për aplikim të qytetarëve të interesuar për fitimin e subvencioneve për blerje të biçikletave. Qëllimi është që të zvogëlohet ndotja e ajrit, por edhe nga shtypja e komunikacionin rrugor të qytetit.

Në Prilep, biçikletat janë shfrytëzuar siç thuhet nga kohëra të lashta.KirilOgnjanoski, pensionist tani 75 - vjeçar i kujtohet i ati i tij, Tome Biçikletisti. Tomen e njohin shumë vetë, nga dashamirët më të vjetër të biçikletës, ngase ai jo vetëm që kishte punëtori për meremetimin e tyre, por kishte edhe biçikleta të cilat për fëmijët i jepte edhe para tetëdhjetë viteve për vozitje të fëmijëve në orë - vozitje, për ato të cilët nuk kishin mundësi që të kenë biçikletë. Ose, tani siç thuhet në mënyrën moderne, ai ka dhënë "renta bajk", me qira për dhjetëra dinarë të atëhershëm. Myshterinjtë më të shpeshtë të tij ishin të rinjtë, e më së shumti fëmijët.

- Babai më ishte "asli" biçikletist, e njihte zanatin. Qysh para luftës ai kishte biçikleta edhe atë nga markat e njohura të asaj kohe. Edhe jo vetëm që e donte zanatin dhe i riparonte por, ai ishte edhe biçiklist i mirë. Ka vozitur për klubin e atëhershëm, që edhe sot ekziston, ndërkaq, akoma ekziston që nga ajo kohë. Biçikletat e atëhershme, ishin të bëra nga materiali i metalit të shëndoshë të cilët më së shumti prisheshin në frenin e këmbës, prisheshin gomat, nga se nuk kishte asfalt, por edhe zinxhirët, - thotë djali i tij Kiril Ognjanoski.

Do ishte mirë sikur sot të ketë dikush që do jepte biçikleta në qytet, e sidomos në mjediset rurale për ata të cilët nuk mund t'i sigurojnë, sidomos për fëmijët, për gëzimin dhe nevojën e tyre, por edhe për "gëzim" të ruajtjes së ambientit. Shprehitë fitohen që në fëmijëri.

**K. Risteski**




Seancë e Kuvendit të ShP Saraj

# Janë miratuar ndryshimet dhe plotësimet në Statut, si dhe Raporti dhe Plani financiar për vitin 2022

Më 30.11.2021, Kuvendi i Shoqatës së pensionistëve Saraj, ka mbajtur seancën e rregullt në të cilën janë shqyrtuar dhe miratuar dokumente me rëndësi. Me seancën ka drejtuar kryetari BakiBakiu, i cili lidhur me pikën e parë të rendit të ditës, për propozim ndryshimet dhe plotësimet në Statut, ka dhënë arsyetim duke theksuar se kjo ishte e nevojshme për harmonizimin e Statutit të Shoqatës me atë të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë ku jemi anëtare, respektivisht me disa rekomandime të saj, si dhe për arsye të precizimit të disa dispozitave në Statutin aktual. Në vazhdim Bakiu, ka sqaruar edhe procedurën e propozim ndryshimeve dhe plotësimeve duke theksuar se fillimisht Komisionin për Statut dhe çështje juridike, përgatitipropozim tekstin për ndryshime dhe plotësime, ato ia dërgoi për shqyrtim dhe miratim Këshillit ekzekutiv, pas çka është zhvilluar diskutim nëpër degët e Shoqatës dhe pas miratimit edhe nga degët, sërish në Komisionin për Statut dhe çështje juridike dhe në fund Këshilli ekzekutiv, pas miratimit propozimet i dërgoi në Kuvend për shqyrtim dhe miratim. Edhe pse materiali mepropozim ndryshimet dhe plotësimetnë Statut, anëtarëve të Kuvendit, u ishte dërguar me kohë, Bakiu, edhe njëherë i njoftoj me propozim ndryshimet në Statut, pas çka ka dhënë fjalën për diskutim.



Në diskutim rreth kësaj pike morën pjesë disa anëtarë të Kuvendit si: Bafti Jonuzi, Feta Demiri, NijaziMuharemi e tjerë. Pas diskutimeve, nga 11 anëtarë të pranishëm të Kuvendit të gjithë votuan për ndryshimet dhe plotësimet me çka propozimet janë miratuar.

Për pikën e dytë dhe të tretë të rendit të ditës, Programin dhe Planin financiar për punën e Shoqatës në vitin 2022, arsyetim ka dhënë kryetari i Këshillit ekzekutiv MahirDuraku i cili ndër të tjera ka thënë:

- Në Programin për punë të shoqatës në vitin 2022 janë paraparë aktivitete sikurse edhe vitet e kaluara, por realizimi i tyre do të varet nga situata me pandeminë Kovid -19. E njëjta vlen edhe për Planin financiar i cili varet nga aktivitetet të cilat janë paraparë të realizohen në vitin e përmendur. Pas diskutimit të disa anëtarëve, Programi dhe Plani financiar për punë në vitin 2022 njëzëri miratuar.

Në pikën e ndryshme, u parashtrua çështja e pensionit i cili siç u tha shumë ngadalë po rritet, për çka është dhënë përgjigje adekuate.

**B.B.**

ShP Çair

# Ndihmë për 115 pensionistë

Këshilli ekzekutiv i ShP Çair, në seancën e vet të tetë e cila u mbajt kah fundi i muajit nëntor 2021, në propozim të Komisionit për shëndetësi dhe mbrojtje sociale, ka sjellë vendim, 115 pensionistëve t'ju ndahet ndihmë e njëhershme në të holla për vitin 2021. Në seancën, të cilën e ka drejtuar koordinatori Todor Iliev, me një minutë heshtje ju dha nderim të flijuarve në tragjedinë e cila ndodhi në Bullgari.



Komisioni për shëndetësi dhe mbrojtje sociale e cila punon sipas rregullave dhe udhëzimeve të Rregullores për ndarje të ndihmës së njëhershme në të holla, ka përgatitur propozim, ndërkaq, Këshilli ekzekutiv, ka sjellë vendim që t'ju ndahen ndihmë në të holla këtyre personave dhe sipas kritereve të vërtetuara janë zgjidhur kërkesat e parashtruara individuale.

Për këtë vit, sipas programit, por edhe sipas njohurive dhe do të thoshim nevojat për ndihmë, posaçërisht anëtarëve të shoqatës me të ardhura më të ulëta dhe të sëmurëve, me më tepër baza, për këtë qëllim janë planifikuar mjete në lartësi prej 350.000 denarë.

Kur do të bëhet rishikim për të gjitha mjetet e dhëna, janë ndarë gjithsej 345.000 denarë, 115 pensionistëve nga sasi nga 3.000 për person. Gjatë ndarjes, përveç kërkesës, për secilin pensionist veç e veç kërkohet mendim edhe nga drejtuesit e nëndegëve. Secila lutje për ndarje të ndihmës së njëhershme në të holla pa tjetër të jetë mbështetur me nënshkrim nga kryetari i nëndegës në të cilën është anëtar pensionisti parashtrues i kërkesës. Siç na informuan në shoqatë, ky lloj i mbështetjes në të holla praktikohet më shumë vite, ndërkaq, mjetet e ndara për këtë qëllim nga viti në vit gjithnjë janë në rritje, si dhe numri i kërkesave. Kjo lloje ndihme është mbi pritjet, që flet se në zonën e ShP Çair ka shumë pensionistë me të ardhura të ulëta.

Në seancën e KE të ShP Çair, është sjellë vendim edhe për regjistrim dhe formimin e komisionit për regjistrim të mjeteve materiale-teknike për vitin 2021. Gjithashtu, është sjellë vendim edhe për ri-pajisje të klubit të ri në Fushë Tophanë, për të cilin duhet të sigurohen të gjithë nevojat materiale për klubin.

**Vasil Paçemski**

# Kujdesuni në marrjen e disa ilaçeve me ushqim të caktuar

Të gjithë e dimë se ilaçet duhet të merren rreptësishtë ashtu siç janë të përshkruara, si në lidhje me dozën dhe kohën, por hulumtuesit thonë se është me rëndësi edhe ushqimi gjatë kohës së trajtimit. Këto janë disa kombinime të ushqimit dhe ilaçeve të cilat duhet të merren bashkërisht.

**1. Ilaçetpër astma, bronkit dhe sëmundje tjera të mushkërive të bardha.** Është e ndaluar: ushqim dhe pije të cilat përmbajnë kofein. - Të dy ilaçet e stimulojnë sistemin nervor, dhe kështu shmanget kofeina për arsye aksioziteti dhe nervozes së tepërt.

**2. Ilaçe të cilat e ulin nivelin e holesterolit "të keq".** Është i ndaluar: grejpfruti i cili shkakton rritje të apsorpcionit të ilaçit i cili e rrit rrezikun nga mbidoza edhe efekteve të padëshiruara. E njëjta vlen edhe për pemët tjera të tharbëta si limoni ose portokalli jeshil.

**3. Ilaçet për probleme me zemrën dhe bubrekët.** Është e ndaluar: ushqimi i pasur me kalium. Ilaçet nga ky grup e rrisin nivelin e kaliumit në gjak, që mund të çojë deri në aritmi dhe dispnesë. Prandaj duhet larguar bananet, patatet, soja dhe spinaqi gjatë periudhës së mjekimit.

**4. Ilaçe kundër ritmit për zemrën.** Është e ndaluar:ëmbëltues artificial. Ëmbëltuesit përmbajnë tharbëtin glicirhizike e cila me këto ilaçe mund të shkaktojë çrregullim të ritmit të zemrës deri te sulmi në zemër. Kjo substancë është e pranishme në ëmbëlsira, kolaçe dhe birrë. Penjëzat dietale (krundet për shembull) e zvogëlojnë efikasitetin e ilaçit, prandaj duhet të merren 2 orë para ose pas hajes. Barishtet si kantarioni, gjithashtu e zvogëlojnë efikasitetin e këtyre ilaçeve.

**5. Ilaçe për hollim dhe trashje të gjakut.** Është e ndaluar: ushqim për hollim të gjakut dhe ushqim i pasur me vitamina K. Gjatë përdorimit të këtyre ilaçeve, duhet të zvogëlohet hyrja e brusnicës, hudhrës, xhenxhefilit, dhe disa erëza (spec, cimet, dhe shafrani i Indisë). Këto gjëra ushqimore shkaktojnë gjaku të jetë më i rrallë dhe në kombinim me varfarin mund të vijë deri në gjakderdhje. Vitamina K, nga ana tjetër, e zvogëlon efikasitetin e ilaçit. Kjo vitaminë gjendet në spinaq, cfekllo, lakër, brokol dhe ngjashëm.

**6. Hormone të gjëndrës tiroide.** Është e ndaluar: soja, gështenja, penjëzat bimore.

Personat të cilët përdorin ilaçe për gjëndrën tiroide duhet t'i largohen sojës dhe ushqimit me këtë bimë, sepse e bllokojnë efikasitetin e ilaçit. Gështenjë dhe ushqim të pasur me penjëza bimore, gjithashtu, kanë efekt të ngjashëm.

**7. Antibiotikë për infektime bakteriale.** Është e ndaluar: prodhime të qumështit. Këto ilaçe kundër bakteriale formojnë bashkime të kalciumit të cilat vështirë sekretojnë dhe gjenden me bollëk në prodhimet e qumështit që sjellë zvogëlim befasues të efikasitetit të ilaçit.

**8. Kombinimi.** Disa ilaçe e humbin ose kanë veprim të rritur nëse kombinohen me disa sende ushqimore të caktuara. Për këtë arsye, është shumë me rëndësi të konsultoheni me mjekun tuaj ese farmacistin, si dhe me kujdes të lexoni udhëzimet, që të largohet çfarëdo lloji pasojash të padëshiruara.

**B.A.**

# АПЕЛ

Вакцинирајте се!

Зошто треба да се вакцинираме?

- да се заштитиме самите себе
- да ги заштитиме нашите сакани
- ако се вакцинираме, ќе ставиме крај на пандемијата
- ќе се вратиме во нормална комуникација со сите луѓе
- превентивните мерки (одржување физичко растојание, задолжително носење на заштитна маска особено во затворен простор, хигиена на рацете) треба да продолжат и по вакцинацијата
- за нашето здравје и здравјето на нашите најблиски одлучуваме ние
- одлуките се носат врз основа на информации и факти
- одлучувам да се вакцинирам без дилема
- вакцините спасуваат животи
- почитување и применување на превентивните мерки надополнети со вацинирање се од пресудна важност за да се стави пандемијата под контрола
- сите вакцини против ковид–19 што се даваат во нашата држава се одобрени од светската здравствена организација и тие се безбедни и делотворни
- вакцините се безбедни и ефикасни

**1. Како функционираат вакцините?**

– Вакцините го учат нашиот имунолошки систем да гради специфични антитела против вируси или нивни токсини што предизвикуваат болест. Со тоа нашиот организам е спремен за борба против вирусот.

**2. Може ли да се разболам со КОВИД-19 од вакцината?**

– Не. Затоа што ниедна од сегашните вакцини не содржи жив вирус што предизвикува КОВИД–19 и не може да не разболи.

– Лесните симптоми пријавени од вакцинирани лица (болка, црвенило на кожата на местото на убодот, главоболка и покачена температура) се само доказ дека се активирал вашиот имунолошки систем.

**3. Ако имам хронично заболување, дали е безбедно да примам вакцина против КОВИД-19?**

– Вакцините за КОВИД–19 може да се дадат на лица со хронични здравствени состојби под услов да немале сериозна или директна алергиска реакција на некоја од состојките во вакцината.

– Приоритет за вакцинирање се препорачува за лица со коморбилитети (хронични респриаторни заболувања, хронични кардиоваскуларни заболувања, дебелина и дијабетес) утврдено е дека овие заболувања го зголемуваат ризикот од тешка манифестација на КОВИД–19 и болничко лекување.

**4. Колку дози вакцина за КОВИД-19 треба да се земат и во кој временски интервал?**

– Повеќето вакцини налагаат повеќе од една доза. Со примање на повеќе дози ќе се зајакне имунитетот на оптимална и подолга заштита.

– Секогаш е најдобро да се примат сите препорачани дози во препорачаното време од производителот. Секој производител има свој календар за растојание помеѓу дозите.

– Не е сигурно дали вакцинацијата ќе спречи пренесување на вирусот и ќе го заштити вакцинираното лице од разболување со КОВИД–19, затоа и откако ќе ја примиме вакцината треба и натаму да практикуваме носење маски, физичко дистанцирање и лична хигиена.

**5. Ако сум имал КОВИД-19 и сум закрепнал дали треба да примам вакцина против КОВИД-19?**

– На сите треба да им се понуди вакцината за КОВИД–19 без оглед дали предходно биле заразени. Ако во моментот се заразени, треба да се одложи вакцинацијата сѐ додека не помине болеста и ќе излезат од изолација.

– Лица кои биле болни од КОВИД–19 развиваат имунитет што трае неколку месеци. Тогаш треба да се одложи нивното вакцинирање со цел да има вакцини за оние коишто сеуште не се заболени.

**6. Откако ќе се вакцинирам, колку долго ќе трае имунитетот од вакцината?**

– За траење на имунитетот по вакцинацијата сѐ уште нема доволно научни докази. Затоа е потребно да ги применуваме превентивните мерки – носење маски, физичка дистанца и лична хигиена.

**7. Кој има приоритет за вакцинирање?**

– Најпрво треба да се вакцинираат здравствените работници и лицата со висок ризик од тешки симптоми на болеста, како што се старите лица или лицата со хроночни заболувања.

– Овие групи се приоритетни за да се намали морбилитетот од КОВИД–19 и да се помогне на здравствениот систем кој им служи на сите.

**8. Како можам да го заштитам семејството од инфекција со КОВИД-19?**

– Да се вакцинираат сите членови од семејството над 15 годишна возраст.

– Често мијте ги рацете со сапун и вода.

– Држете барем еден метар растојание меѓу себе и другите.

– Побарајте лекарска помош рано, ако имате треска, кашлица, отежнато дишење и други симптоми на КОВИД19.

– Избегнувајте преполни места, затворени простори со слаба вентилација и практикувајте физичка дистанца од луѓето во јавност.

– Носете маска кога сте на јавни места каде вирусот е проширен во заедницата и каде што не е можно физичко дистанцирање.

**Прим. Д-р. Стојанче Стефаноски**

# Тајната на долговечноста зависи од крвните садови

Ако **крвните садови** се чисти и здрави, може да живеете до 120 години, па дури повеќе и да се чувствувате потполно здрави, велат истражувањата. Функционирањето на органите и системите во организмот зависи од квалитетот на циркулацијата на крвта односно од доставување кислород и хранливи материи до внатрешните органи и собирање јаглерод диоксид и метаболички производи. Во детството, адолесценцијата, младоста, се движиме повеќе, крвните садови се нови, еластични и чисти, па исхраната на органите е максимална. Како што остарееме, се движиме помалку, а нашите крвни садови почнуваат да се затнуваат. Ова е поради многу фактори: пушење, нездрава исхрана, лоша околина, седечки животен стил, но и природните таложење на липидите, процес што се одвива во сите организми.

**Што значи „затнати“ крвни садови?** Замислете си цевки полни со 'рѓа. Што се случува? Притисокот на водата се зголемува, а водата има лош вкус. Истата работа се случува и со крвните садови. Кога холестеролот или другите супстанции ќе се наталожат во нив, притисокот се зголемува, крвта содржи нечистотии, циркулацијата на крвта е нарушена. Како резултат на тоа, се случуваат промени во сите органи и системи на телото. Човечкото тело почнува да старее. Чистите крвни садови се услов за подолг живот и добро здравје. Ова не е само теорија.



**Патолошки состојби кои можат да предизвикаат затнати крвни садови**

Нечистотиите во крвните садови можат да предизвикаат појава на следниве болести:

- **Атеросклероза.** Крвните садови престануваат да функционираат добро: малите крвни садови се целосно затнати, а главните содржат големи наслаги од холестерол.
- **Исхемично срцево заболување.** Настанува од редовен недостаток на крв во срцевите садови, којшто се развива поради нечистотијата во нив.
- **Мозочен удар.** Нарушувањата во снабдувањето со крв во церебралното ткиво предизвикуваат смрт на нервните завршетоци, што доведува до губење на одредени функции.
- **Хипертензија.** Нечистотиите од крвните садови предизвикуваат стеснување на волуменот и зголемување на крвниот притисок.
- **Проширени вени.** Тие се појавуваат во внатрешноста на телото, не само на нозете (што е алармантно за жените). Хемороидите се последица на проширувањето на вените.
- **Венска и артериска тромбоза.** Наслагите од нечистотии во крвните садови формираат тромбови. Ако тромбот се оддели и навлезе во крвотокот, може да се случи блокирање на крвните садови во срцето или срцев удар, што во 70% од случаите е проследено со смрт на пациентот.

Варикозните вени од кои страдаат многу жени исто така се директна последица на наслагите во крвните садови. Оваа состојба се шири. Кардиоваскуларните заболувања се одговорни за 4 пати повеќе смртни случаи од другите причинители. Повеќето лекари препишуваат лекови за намалување на крвниот притисок во случај на хипертензија. Меѓутоа, тие не се наменети да излечат, туку се само привремени решенија за намалување на притисокот. Неопходно е прочистување на крвните садови. Патем, оваа метода во САД и Европа ја практикуваат сите над 35–40 години повеќе од половина век. Таму сите пациенти ја знаат неопходноста од прочистувањето на крвните садови. Прочистувањето е наједноставно со чаеви за таа намена.

**Симптоми според кои би го увиделе присуството на наслаги во крвните садови?**

- Мигрени
- Нарушувања на меморијата
- Хроничен замор
- Несоница
- Нарушувања на видот и слухот
- Висок крвен притисок
- Нарушувања на дишењето и ангина пекторис
- Бледата боја на кожата на нозете
- Болки во мускулите и зглобовите

Крвните садови имаат карактеристика да собираат нечистотии, особено кај постарите луѓе. За ова, не мора да јадете плескавици или помфрит секој ден. Дури и после јадењето колбас или пржено јајце, одредена количина холестерол ќе се наталожи во крвните клетки, а со тек на време талогот ќе се зголеми...

**М. Дамјаноска**

# Природни домашни лекови кои можат да го подобрат и зајакнат вашиот имунолошки систем

**1. Црно вино -** Црното вино, кога се консумира во контролирани количини, дејствува како исклучителен стимуланс за имунолошкиот систем. Виното помага за убивање туѓи тела и одредени опасни бактерии. Црното вино исто така помага во спречување на коронарна болест на срцето ако се консзумира умерено. Една чаша црно вино на ден, го зајакнува имунитетот и го штити телото од студ, грозница и нарушувања на желудникот. Но, претерано консумирање може да го оштети црниот дроб и да го уништи имунолошкиот систем на телото.

**2. Лук -** Лукот е една од најдобрите прехранбени продукти за јакнење на имунолошкиот систем, бидејќо лукот е природен антибиотик, антивирусен, антибактериски и антифунгален агенс, кој помага во заштита на телото од разни болести. Редовно конзумирање лук помага за контрола на воспаленија, ревматоиден артритис и мултиплекс склероза. Лукот исто така помага за намалување на крвниот притисок, нивото на холестерол и го намалува ризикот од различни видови канцер.

**3. Мед -** Медот е одличен за имунитетот.Една лажица мед на ден исклучително е добар за зачувување на здравјето на организмот. Тој е природен антиоксидантен, антибактериски и антимикробен агенс кој помага во заштита на телото од вируси, габички и бактерии. Медот исто така го подобрува системот за варење со лекување на рефлукс киселината. Помага во ублажување на болки во грлото, во регулирање на шеќерот во крвта и лекување на кашлица и настинка.

**4. Овошје и зеленчук -** Зелениот лиснат зеленчук, како и овошјето, припаѓаат на храна која го подобрува имунолошкиот систем. Богато со фолна киселина, овошјето и зеленчукот го подобрува функционирањето на вашиот имунолошки систем.

**5. Зелен чај -** Зелениот чај е извонреден за јакнење на имунитетот. Зелениот чај е исто така богат извор на антиоксиданси. Редовно консумирање зелен чај спречува појава на кардиоваскуларни болести, мозочен удар и рак.

**6. Риба -** Редовно косумирање риба е еден од најдобрите природни лекови за јакнење на имунолошкиот систем. Рибата е извонреден извор на омега – 3 масни киселини и цинк. Цинкот помага во изградбата и одржување на ќелиите, додека омега–3 масни киселини се природни антиоксиданси и содржат анти воспалителни средства.

**7. Куркума -** Недостатокот на витамин B6 неповолно влијае врз различни аспекти на имунолошкиот одговор како што се способност за дозирање на лимфоцити и конверзии во различни типови од T и B ќелии. Куркумата содржи витамин B6, а и минерали како калиум, манган и железо кои се битни за функционирање на различни системи во телото. Содржи и куркумин, чиј антиоксидативен ефект го подобрува функционирањето на имунолошкиот систем.

**8. Ленено семе -** Семките од лен се богат извор на алфа –линоленски киселини, омега–3 масни киселини фитоестрогенс наречен лигнанс, кои имаат важна улога во создавање реакција на имунолошкиот систем, задржувајќи ги инфекциите и автоимуните болести во развојот.

**9. Бадеми -** Недостатокот од витамин Е може негативно да влијае врз способноста на вашето тело да се бори против инфекции. Бадемите се богат извор на витамин Е кој помага во намалување на оксидативниот стрес и намалување на воспаленија. Сѐ што треба да направите е да јадете грст бадеми за вашиот имунолошки систем да се зајакне.

**10. Маслиново масло -** Ова масло е извор на здрави масти кои се лубрикант за вашите ќелии. Го зајакнува вашиот имунолошки систем подобрувајќи ја флексибилноста и комуникацијата помеѓу келиите.

**11. Ѓумбир -** Ѓумбирот е добар за подобрување на имунолошкиот систем. Ѓумбирот третира многу здравствени проблеми и помага во заштита на телото од мноштво растројства. Тој е силен антиоксиданс, антисептички, антибиотички, антимикробни и против воспалителен агенс. Исто така уништува вируси, го подобрува работата на желудникот, го инхибира пептичкиот улкус и го намалува холестеролот.

**12. Темно чоколадо -** Какаото го зајакнува имунитетот и помага за одржување на нивото на холестерол во телото. Редовно консумирање на темно чоколадо го подобрува здравјето на кардиоваскуларниот систем со намалување на холестеролот. Темното чоколадо исто така помага во одржување на крвниот притисок. Битно е да се консумира темно чоколадо во мали количини, бидејќи голема количина може да доведе до проблем со шеќерот.

**13. Спиење -** Недоволно спиење е еден од главните причинители што доведуваат до стрес и слабеење на имунолошкиот систем. Освен тоа, несоницата може да предизвика повеќе воспаленија, како и да го подигне нивото на кортизол. Погрижете се да најдете барем 7 до 8 часа непрекинато спиење ноќе.

**14. Стрес -** Стресот е дел од животот и сите го искусиле. Долготрајниот стрес може да ве направи преосетливи на болести, од настинки до сериозни болести. Хроничниот стрес може да го изложи вашето тело на хормони на стресот, кои влијаат неповолно на функционирањето на имунолошкиот систем.

**15. Смеење -** Смеата е најдобар лек и овој лек е ефикасен во подобрувањето на имунолошкиот систем. Едноставната насмевка може да ги подобри работите. Таа може да го направи вашето тело задоволно, и да ги поттикне вашето расположение и имунолошкиот систем.

**Т.Г.**

ЗП Велес

# Пензионирањето - нов почеток за грижа за менталното здравје

Од 1 до 12 декември се денови на психологијата. По тој повод на 5.12. во Здружението на пензионери – Велес психологот Ирена Христова одржа едукативно предавање на тема „Пензионирањето – нов почеток за грижа на менталното здравје“. Таа на пензионерите им објасни како полесно и поубаво да си го сочуваат менталното здравје. Двочасовното предавање и интерактивната дискусија придонесе секој од присутните да размисли што да прави во моментите кога ќе ги спопадне некоја неволја или загриженост. Секој од нив по систем на случајност извлече по едно ливче на кое беше напишана филозофска мисла посветена на менталното здравје по што следуваше дискусија по истата.

Психологот Ирена Христова на крајот им се обрати на присутните со зборовите:

– Ми беше чест и задоволство денес да го одржам едукативното предавање на тема „Пензионирањето – нов почеток за грижа за менталното здравје“ во рамки на деновите на психологијата 2021. Драги присутни, ви благодарам за присуството, интересот и позитивната енергија која ја разменивме во овие два часа колку што траеше акцијата. Останете во добро расположение, до следното видување.

Оваа психолошка акција – едукативно предавање се организираше со практични примери, совети, насоки за тоа како да ја сочуваме менталната благосостојба, активност во која секој од присутните по случаен избор зема картичка со мисла, цитат и со тоа „избра што му треба“ надеж, среќа, свесност, пријателство...

А пензионерите воодушевени од средбата со психологот посакаа и другпат да имаат вакво едукативно дружење.

**Н. Алексоска**



Кредит за сегашните и идни пензионери
Кој може да аплицира?
Вработени, пензионери и невработени лица со редовен месечен прилив на средства.
Аплицирај со:
Лична карта или пасош.
Зошто да го избереш IuteCredit?
Одобрување и исплата за 15 минути
Нема скриени трошоци
Без жиранти и гаранти
Вклучена IuteCredit Mastercard картичка
-10% пониски провизии преку Mylute
За нови клиенти
Кеш кредит
Износ на кредит
Рата
20 000 ден
1 390 ден
40 000 ден
2 660 ден
60 000 ден
3 880 ден
За постоечки клиенти
Кеш кредит
Износ на кредит
Рата
100 000 ден
4 120 ден
150 000 ден
6 180 ден
200 000 ден
8 250 ден
Промотивен наменски кредит
За нови и постоечки клиенти
Износ на кредит
Рата
150 000 ден
5 890 ден
Преземи ја Mylute за дополнителен попуст на провизии и многу други одлични поволности!
iutecredit
Аплицирајте за кредит на 13 333, www.iutecredit.mk или во нашите експозитури во
Скопје Центар
Скопје Парк
Скопје Чаир
Скопје Аеродром
Тетово
Куманово
Битола
Штип
Струмица




Пензија на 1-ви!
Станете корисник на услугата Пензија на 1-ви и очекувајте ја Вашата пензија порано од сите други.
Понуда и услуги за пензионери:
· Потрошувачки кредит за пензионери со фиксна каматна стапка во првите ДВЕ години почнувајќи од 6,75% и вклучена полиса за животно осигурување;
· Максимален износ до 300.000 МКД;
· Трансакциска сметка и дебитна картичка;
· Без надоместок за следење на Електронско банкарство.
За дополнителни информации посетете ја нашата веб-страница www.sparkasse.mk или информирајте се преку Контакт центарот на телефонскиот број 02-3200-600.
SPARKASSE Bank
Банка на вашето семејство
*Клиентот при доспевањето на последната рата од кредитот може да има максимум полни 70 години.
14,28% СВТ за потрошувачки кредит на износ од 300.000 МКД; рок на отплата 6 години; фиксна каматна стапка од 6,95% п.а. за првите две години и променлива каматна стапка од 8,75% п.а. за преостанатиот период; трошоци за апликација 1.000 МКД; провизија за одобрување на кредитот 1.000 МКД и премија за животно осигурување за лице на 64 години од 42.229МКД (според условите на осигурителната компанија). Врз висината на СВТ влијае рокот на отплата на кредитот, износот на кредитот, надоместоците за аплицирање и обработка на барањето за кредит, премијата за животно осигурување како и висината на номиналната каматна стапка.




## ЗАНИМЛИВОСТИ

### Цитати од рускиот научник Татјана Владимировна Черниговскаја

Мозокот на човекот сѐ уште претставува една од најтаинствените нешта на планетата и тој не престанува да става пред научниците нови посложени прашања. Доктором по биолошки науки и научникот во областа на неврологијата и психолингвистиката Татјана Владимировна Черниговскаја го посветила својот живот на изучувањето на тој воодушевувачки дел на човечкото тело и можеби може барем малку да ја подотвори завесата на тајната, која ја крие овој сложен орган.

Еве некои цитати од нејзините предавања:

- Луѓето треба да работат со главата, оти тоа го спасува мозокот. Колку повеќе е тој вклучен, толку повеќе е сочуван. Наталија Берехтева не долго пред да замине во поубавиот свет ја напишала научната работа „Умните живеат долго“.
- Некои постојано повторуваат дека нервните клетки не се обновуваат но, тоа не е точно. Се зависи од тоа, дали го принудувате мозокот постојано да работи – би требало постојано да ви е тешко. Ако не им давате оптоварување на мускулите, тие ќе атрофираат. Тој не смее да се релаксира, инаку ќе има неволји.
- Мозокот работи со максимална брзина токму заради тоа, што му е потребно да работи тешка работа. Тешката работа за мозокот – е лекарство.
- Великата литература, особено великата поезија, многу јасно ги покажува возможностите на јазикот, со кои луѓето не сакаат да се ползуваат. Јазикот е неверојатно богат но, тој е само инструмент. Најмоќниот инструмент на кој е потребно да се учи да се свири.
- Мозокот – е моќно загадочно нешто, кого по некое недоразбирање ние го нарекуваме „мојот мозок“. За тоа пак, немаме апсолутно никаква основа: кој чив е – тоа е одделно прашање.
- Мозокот донесува одлука 30 секунди пред лицето да ја реализира оваа одлука. 30 секунди е огромен период за активноста на мозокот. Значи, кој на крајот ја носи одлуката: човекот или неговиот мозок?
- Навистина застрашувачка мисла – кој е навистина домаќин во куќата? Ги има многу: геном, психосоматски тип, мноштво други работи, вклучително и рецептори. Би сакале да знаеме кој всушност ги носи решенијата. Никој не знае ништо за потсвеста, подобро е да ја затворите оваа тема веднаш.

М.Б.

## КРСТОЗБОР




**Решение:** б, с, брака, сос, миранда, р, тендер, н, мандолина, ш, р, мандарини, асо, пенкало, ка, деванагари, омот, ериге–на, и, опал, ињa, алт, клинка, ај, лк, герундив, масарик, рекорди, б, акузатив, камо, ида, маракеш, ан, срнче, пратолини

## Хумор

* * *

Трпе бил мераклија по рум, и отишол на доктор бидејќи сѐ го болело.

Докторот му вели:

– Сѐ ти е од румот. Под итно мораш да престанеш да го пиеш.

– Како? Сум пробал сто пати ама многу не можам.

– Немој да мислиш на рум, немој ни да го спомнуваш, и ќе успееш.

Отишол Трпе во кафеана и нарачува, чај, а келнерот:

– Сакате со рум или без рум.

– Без чај!

* * *

Разговараат двајца затвореници.

– На колку години си осуден ти? – прашува едниот.

– На десет.

– Зошто, што направи?

– Ништо, навистина за ништо...

– На друг да му ги кажуваш тие приказни... За ништо би добил многу повеќе!

* * *

Внук и баба...

– Синко, да не имаш температура?

– Не, мори бабо, тебе изгледа ти студи!

* * *

Знаеш ли Димо дека камилата може да работи седум дена и да не пие ништо.

– Па што! Мојот комшија може да пие седум дена и да не работи ништо.

* * *

Дедото му дава на внукот 20 денари за излегување.

Внукот се жали:

– Па што ќе правам со 20 денари во град?

– Потроши ги бе внучко, еднаш се живее!

* * *

Звонив секташи на врата куде некоју Кумановку и гу прашуев:

– Веруете ли у живот после смрт?

– Како не бе, откако умре муж ми осеќам се како да сам у рај!

* * *

Докторе, кашлам и тешко дишам.

– А пушите ли цигари?

– Пушам, ама не помагаат...

* * *

Разговараат двајца другари и едниот вели:

– Мојот постар син ептен личи на мене!

– Тоа ти е заради влијанието на генетскиот фактор.

– А зошто тогаш помалиот личи на комшијата?

– Е, тоа ти е заради влијанието на средината.

* * *

Го прашуваат Трпе што повеќе сака да биде, ќелав или идиот.

Трпе:

– Па идиот.

– А зошто мислиш дека е подобро да си идиот?

– Помалку се гледа.

* * *

Што правив муж и жена прву брачну ноќ?

– Муж брои паре, а жена ставља слике на Фејсбук!

* * *

Ѓорѓија му вика на Симета:

– Изгледа дека сам склеротичан.

– А по што закључуеш? – прашуе га Симе.

– Па чим искочу од дома, одма заборављам дека сам женет.

## Рибарот свирач

Некој рибар многу убаво свирел на флејта. Така еден ден застанал на брегот и почнал да свири мислејќи дека кога ќе слушнат рибите сите ќе нарипаат во мрежата. Свирел, свирел, ама мрежата останала празна.

Видел–невидел, престанал да свири и ја фрлил мрежата во водата за да фати некоја рипка.




Кога ја извлекол мрежата на брегот рибите во мрежата се препелкале и рипкале.

– Чудни некои риби сега играат, а кога им свирев нигде ги немаше!

ЗП Македонски Брод

# „Костенијада 2021“

Во пандемски услови на ковид 19, на 18 и 19 ноември на градскиот плоштад во Македонски Брод, се одржа Четиринаесеттата „Костенијада 2021“.

Под мотото „Ноќ на ѕвездите“ од 19 до 24 часот, гости на Концертот беа дуетот „Силви бенд“ од Скопје, а настапи и музичката група „Кале“ од Македонски Брод со вокалниот солист, пензионерот Миле Андрески, оваа година учесник на балканското шоу „Никогаш не е доцна“ во Република Србија и поети од Македонски Брод и Кичево ресурси, меѓу кои и квалитетниот поречки костен.

Во културно–забавниот дел настапија младите од КУД „7–ми Септември“ од Македонски Брод, КУД „Бисер“ од Кичево, КУД „Брвеница“ од село Брвеница, Тетовско, а и пензионерите Здравко Кузески и Сашо Силјаноски од Охрид, Миле Андрески и пензионерското женско трио во состав Даница Максимоска, Стојмирка Новеска и Слободанка Сарафиноска од Македонски Брод со повеќе народни песни.



со лични творби. Не изостана и промоција и дегустација на печени костени, топла ракија и греано вино. Исто така, под мотото „Светлината на денот“ пред Домот на култура во Македонски Брод свечено беше отворена етнолошката изложба „Златен костен 2021“ дело на вредните раце на подмладокот од Општината.

По дефилето на учесниците до плоштадот, Манифестацијата за отворена ја прогласи новиот градоначалник Жарко Ристески, кој зборуваше за идниот развој на Општината Македонски Брод, со искористување на природните

Големо задоволство беше на ноемвриското сонце да се гледаат колоритните народни носии на игроорците, пејачите и инструменталистите. На штандовите можеше да се дегустираат изложените производи: крушевски локум, поречки печени костени, мед, ракија и вино.

Директорката на Домот на културата во Македонски Брод Милена Стојческа, на учесниците на дводневната манифестација им додели благодарница.

Програмата успешно ја водеше пензионерот, поет и музичар Миле Јованоски – Поречанец.

**М. Тренкоски**

ЗП Велес

# Дружењето меѓу пензионерите продолжува



На 5 овој месец група на пензионери од ЗП Штип ги посетија пензионерите од Велес. Најнапред тие положија цвеќе на паднатите борци на Костурницата, потоа ја посетија куќата на Кочо Рацин. Тие положија цвеќе и на гробот на храбриот Миле Поп Јорданов кој животот го даде за слободата на Македонија.

Заедничкото дружење продолжи во просториите на ЗП Велес каде најнапред беше промовирана стихозбирката „Пензионерите – книжевни неимари“, потоа настапија и поети од ЗП Штип. Заеднички беа испеани повеќе песни, се разменија мислења, идеи со ветување дека нивната дружба ќе продолжи и понатаму.

**Н. Алексоска**

ЗП Карпош

# Најстар активист во Здружението



Најстариот, најсериозниот, воедно и најдобриот активист од огранокот Тафталиџе 1 и 2 при ЗП Карпош – Скопје, е Благоја Цветановски.

Најпрво, голема благодарност од името на сите пензионери од Здружението, за огромниот и перманентен ангажман во последните 15 години на истакнатиот наш пензионер, ветеран, Благоја Цветановски, кој се вклучил во нашата пензионерска организација, влегол во потесниот круг на раководството на ЗП Карпош – Скопје, и станал еден од најпознатите и најпризнатите активисти.

Благоја Цветановски роден е 1934 година во село Света кај Демир Хисар. По завршување на основното образование дошол во Скопје и засекогаш останал тука да живее. Работниот век го поминал во НИП „Нова Македонија“, каде што најпрво работел како машински словослагач во печатницата, а потоа бил и главен монтер за одржување на печатарските машини, се до неговото пензионирање.

Освен должностите кои ги има во ЗП Карпош, Благоја Цветановски истовремено е и член на Општинскиот одбор на Сојузот на борците, и покрај тоа што длабоко навлегол во деветтата деценија од животот. Исто така, тој успешно и одговорно ја извршува должноста претседател на Надзорниот одбор во Градскиот одбор на Сојузот на борци на Македонија.

Во изминатите години, Благоја бил претседател на огранокот Тафталиџе 1 и 2, се до 2019 година. Тој е најзаслужен за основањето и работата на клубот на пензионери во огранокот. Како мошне надарен и одговорен активист, тој максимално е посветен на извршување на задачите во која било област, особено сега кога е назначен за заменик–претседател на Извршниот одбор на ЗП Карпош – Скопје.

Прв е кога треба да се организира екскурзија за посета на некое културно историско место во блиската околина, како во нашата Република, така и во соседството, активно учествува при организирење на спортски натпревари, културни манифестации, хуманитарни акции и друго.

– Јас, Душан Јовановиќ, како сегашен претседател на огранокот на пензионери Тафталиџе 1 и 2, избран сум како резултат на планирањето на Благоја, за создавање подмладок во огранокот, кое што треба да го прават сите сегашни и идни раководни луѓе по здруженијата. Работата во клубот на пензионерите во огранокот продолжува и станува поефикасна, бидејќи нашата заемна соработка е искрена, транспарентна и на високо ниво. Со тоа работата и активностите продолжуваат подобро, поорганизирано и се остваруваат задачите и програмата, а традицијата за работата на клубот на пензионери во огранокот продолжува. Се разбира дека сите планирани активности се со намален интензитет, заради пандемијата, но да се надеваме на подобри денови исполнети со повеќе дружења меѓу пензионерите, денови кои со нетрпение сите ги очекуваме.

**Душан Јовановиќ**

Охрид

# Академик Љупчо Коцарев добитник на Свети Климентовата награда за 2021

Академик Љупчо Коцарев е добитник на највисокото општинско признание Свети Климентовата награда – патронот на Охрид, за 2021 година. Предлогот бил на видни доктори на науки, професори, уметници, писатели и истакнати охриѓани.



**- Што може да се каже за оваа авангардна личност? Академик Коцарев е нашиот најпознат и најпризнат интелектуалец, еден од најцитираните автори, професори, научници. Човек кој многу одамна застанал во одбрана на интересите на Македонија. Неговиот импозантен лик и дело нѐ прават среќни и горди сите нас.**

Академик Љупчо Коцарев е по потекло од Охрид. Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје, магистрирал на Електротехничкиот факултет во Белград, а докторирал на Институтот за физика на Природно–математичкиот факултет во Скопје. Неговата богата наставно–научна дејност почнува на Електротехничкиот факултет во Скопје, продолжува на Универзитетот Калифорнија во Сан Диего во САД, а студиски престои остварува во САД, Германија, Италија, Унгарија, Шпанија...

Неговите публикации се секогаш цитирани. Неговиот научен интерес е во областите на физиката, техничките и компјутерските науки. Фасцинира бројот на публикациите во списанија со фактор на влијание, едитор е на 6 книги и автор на шест патенти одобрени во САД и Европа. Академик Коцарев е член на МАНУ од 2007 год, а во ноември 2019 година е избран за претседател на МАНУ. Престижниот Универзитет Стенфорд го подреди во листата на најдобри научници на сите времиња од сите области, – истакна на свечената академија, градоначалникот на Охрид Кирил Пецаков.

**Покрај највисокото општинско признание наградата „Свети Климент Охридски“, беа доделени и три повелби за 2021 година и тоа на Мишо Јузмески постхумно, писател, фотограф, културен и туристички работник, научен истражувач, публицист и полиглот, потоа на Гордана Лолеска, голем борец и хуманитарец во поддршка во борбата на пациентите со ретки болести и за лицата со хронични болести, и на ЕКО ФАП, доброволно еколошко и хуманитарно здружение.**

**К. Спасески**

ЗП Вевчани

# Одбележани 80 години живот на Мишо Китаноски, со нова книга



Издавачката куќа „Арс ламина – Арс либрис“ од Скопје, на најдобар начин ги одбележа 80–те години од животот на истакнатиот македонски новинар, публицист и писател Мишо Китаноски од Вевчани, издавајќи му ја книгата со раскази „Прстен и парфем“. Имено, книгата во првиот дел содржи 7 раскази, за секој ден во неделата да се чита по еден расказ, како што вели авторот Китаноски, а во вториот дел е раскажана неговата лична трагедија што е доживеана како пензионер. Во книгата се поместени следните раскази: „Прстенот на мис Елен Стон“, „Стрелањето на Мирослав Крлежа“, „Срцето на доктор Арчибалд Рајс“, „Парфемот на Сара Бернар“, како и расказите „Револверот на Мара Бунева“, „Мојот татко, другарот Сталин“ и „Козите на Лазар Колишевски“. Треба да кажеме дека оваа книга на Мишо Китаноски високо ја оцени и вреднува книжевната критика кај нас, што е уште една потврда за вредноста на напишаното.

– Како новинар во мојот работен век, нема град и поголемо село во кое не сум престојувал, но во исто време, ненаметливо ми останале во сеќавање многу настани и личности, и тоа беше причината да ги напишам/запишам овие раскази. Личностите и настаните се историски, а судбините се македонски, и истите се автентични, се разбира литературно обработени. Сакав историските теми да ги вратам во македонската литература, за да се паметат. И, мис Стон и Крлежа и, Рејс и Бернер, но и Мара Бунева, кои дошле тука и оставиле трага во минатиот живот, како што неизбришлива трага остана и зад двајцата политичари од поново време. Планирам да напишам книга за тоа кој и каде ми ги раскажал овие настани, но и да објавам книга со одгласи од критиката што напиша за мојата книга, – вели Мишо Китаноски.

Вториот дел од книгата содржи еден подолг расказ со наслов „Истрагата ја води Агата Кристи, со Пролог: од Дневникот на славната писателка и со Епилог: бев на лекување кај славниот и уважен професор Зигмунд Фројд“.

За крај авторот на расказите ни рече:

– Новинарството и писателството се најтежок занает во животот, зашто одговорноста за она што се пишува и за кого се пишува се најважното нешто да се каже вистината, а да не се повреди личноста. Јас никого не повредив, а сепак, животот ме повреди и казни. Во потрага сум по тоа што ми се случи во следниот роман што идната година ќе се појави од печат, – заврши тој.

**Стојан Кукунешоски**

НИЗ ИСТОРИЈАТА

# Лична карта ЗП Карпош - Скопје

Едно од најстарите здруженија на пензионери, членка на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, е Здружението Капош – Скопје. Здружението на пензионери Карпош е формирано на 5 јануари 1978 година и е едно од првите здруженија во Република Македонија.

Како одминуваат годините здружението има и убави и тешки години. Заради одредени случувања тоа повеќе пати се регистрирало и пререгистрирало (12 пати) барајќи правда низ повеќе институции и на повеќе нивоа. Исходот бил позитивен за ЗП Карпош бидејќи правдата секогаш доаѓа и упорноста на оние кои ја бараат се наградува. Така е и со ова здружение. Инаку тоа е и меѓу првите кое издаде монографија за својата работа оставајќи траги со збор и со фотографии за своето постоење низ годините.

Здружението има Собрание од 21 член, Извршен одбор од 7 членови и Надзорен одбор од 3 членови.

Во здружението работат следните комисии и тоа:

комисија за статутарни и правни прашања, за здравство и социјална заштита, за културно–забавен живот, за спорт и спортски активности и комисија за одмор и рекреација. Постои и Актив на пензионерки чиј претседател е Трајка Радојковиќ.

Здружението на пензионери е едно од најголемите скопски здруженија, но и во Сојузот. Составено е од 7 ограноци, и тоа: огранок Владо Тасевски; Карпош 1–2; Козле; Нерези; Тафталиџе 1–2; Карпош 3–4; како и огранокот Влае, во чиј состав се и пензионерите од Бардовци и Злокуќани.

Претседатели на ограноците се: Коста Тасески, Деска Младеновска, Мирко Михајловски, Лилјана Андоновска, Благоја Ставревски, Перса Николиќ и Душко Јовановиќ.

Ограноците на ЗП Карпош – Скопје, своите активности ги остваруваат во рамките на правата и должностите утврдени со Статутот на здружението и Програмата која тоа ја носи секоја година. Факт е дека речиси сите ограноци имаат релативно поволни услови за работа, за остварување на задачите кои се утврдуваат секоја година со нивната годишна програма.

Со склучување договор на ЗП Карпош – Скопје, со Општина Карпош, за користење просторија за огранокот на пензионери Тафталиџе 1–2 лоцирана на пазарот Тафталиџе, може да се каже дека соодветно е решено просторното сместување со што се подобрува пензионерското дејствување и организирање на планираните активности. Значајно е да се истакне и дека огранокот Тафталиџе 1–2 е најбројниот огранок во состав на ЗП Карпош – Скопје, со околу 1 500 членови.

Јован Гиновски е претседател на Собрание и на ЗП Карпош;

Трифун Донев е претседател на Извршен одбор;

Мирјана Гушевска е секретар на Извршен одбор.

За претседателот на Здружението Јован Гиновски, слободно може да се рече дека е столбот на Здружението. Благодарение на него и неговото искуство и поддршка, ограноците успешно функционираат дури и во услови на сѐ уште присутната корона пандемија, односно новото зло на човештвото.

ЗП Карпош имаше активности и за време на пандемијата. Така минатата 2020 година тоа беше домаќин на 18-тата регионална ревија на песни, музика и игри која се одржа на отворен простор во Спортско–рекреативниот центар Сарај, а имаше забележителен настап и на Републичката ревија на песни, музика и игри која се одржа минатата година. Редовно настапува и на пензионерските спортски натпревари на регионално и републичко ниво. Годинава на 12 септември ЗП Карпош беше добар домаќин на регионалните пензионерски спортски натпревари од вториот регион, а настапи и на 25–тите јубилејни републички спортски натпревари кои се одржаа во Велес.

Тоа има убава соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, со Општината Карпош, како и со здруженија и институции кои се занимаваат со проблематика поврзана со животот на пензионерите.

Здружение на пензионери Карпош – Скопје
Ул. Багдадска бр. 7. Општина Карпош – Скопје
Телефон: +389 2 2039–743
E-mail: zpkarpos@gmail.com

**Душан Јовановиќ**